EU SUPPORT FOR RULE OF LAW

Република Северна Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AVOKATI I POPULLIT
Republic of North Macedonia
OMBUDSMAN

# СЕКСУАЛНАТА ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕЦАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА: СОСТОЈБА, ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ОДГОВОР И ПРЕДИЗВИЦИ



СКОПЈЕ, 2026

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

**ПРАВНО ОДРЕКУВАЊЕ:**

**ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА Е ФИНАНСИРАНА ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА. НЕЈЗИНАТА СОДРЖИНА Е ЕДИНСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ЛУДВИГ БОЛЦМАН ГЕСЕЛШАФТ – ИНСТИТУТ ЗА ФУНДАМЕНТАЛНИ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА (LBI-GMR) И НЕ НУЖНО ГИ ОДРАЗУВА СТАВОВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА.**

# СОДРЖИНА


Листа на кратенки ........ 5

ВОВЕД ........ 8

1. КРАТКО РЕЗИМЕ ........ 13

Заклучоци ........ 15

Препораки ........ 19

2. Меѓународна правна рамка ........ 24

А. Меѓународна, европска и ЕУ рамка за заштита на децата од сексуална злоупотреба ........ 24

Вовед ........ 24

Конвенција на Обединетите нации за правата на детето ........ 25

Инструменти на Советот на Европа ........ 27

Европска унија ........ 31

Б. Меѓународни примери за добри практики ........ 34

Барнахус модел ........ 36

Независен федерален комесар против сексуална злоупотреба на деца (UBSKM - Германија). 37

Правна и психосоцијална судска помош (Австрија) ........ 38

3. Национално законодавство ........ 40

Вовед ........ 40

1. Устав на РСМ ........ 40

2. Кривичноправна заштита на децата од сексуално насилство ........ 40

3. Законодавство за системска заштита на детето ........ 44

3.1. Законот за правда за децата ........ 44

3.2. Други клучни закони за системска заштита на децата ........ 46

3.3. Национални стратегии и акциски планови ........ 47

3.4. Меѓусекторски протоколи за постапување со деца-жртви ........ 47

4. Заклучок ........ 50

4. Состојба и третман на децата жртви на сексуално насилство во Северна Македонија ........ 52

4.1. Министерство за внатрешни работи ........ 52

4.2. ЈУ Меѓуопштински центри за социјална работа ........ 58

4.2.1. Предизвици и препораки ........ 61

4.3. Здравствени установи ........ 64

4.4. Правосудни органи и други стручни актери ........................................................................ 68
4.4.1. Судови .......................................................................................................... 68
4.4.2. Јавни Обвинителства ...................................................................................... 72
4.4.3. Адвокати ....................................................................................................... 78
4.4.4. Комисија за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство ................... 83
4.5. Граѓански организации ...................................................................................... 85
5. Библиографија ..................................................................................................... 91

# Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| **ГО** | Граѓански организации |
| **ГРЕТА** | Група на експерти за акција против трговијата со луѓе (независно тело за мониторинг формирано според Конвенцијата на Советот на Европа, 2005) |
| **ГРЕВИО** | Група на експерти за мониторинг на Конвенцијата за спречување на насилство врз жени и семејно насилство (независно тело на Советот на Европа) |
| **ДЗС** | Државен завод за статистика |
| **ЕКЧП** | Европска конвенција за човекови права |
| **ЕЛС** | Единици на локална самоуправа |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ЗПД** | Закон за правда за децата |
| **ЗЕЛС** | Заедница на единици на локална самоуправа |
| **ЗСД** | Завод за социјални дејности |
| **ИЈЗ** | Институт за јавно здравје |
| **ИКТ** | Информатичко-комуникациски технологии |
| **ЈЗУ** | Јавна здравствена установа |
| **ЈУ МЦСР** | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа |
| **КЗ** | Кривичен Законик |
| **КПД** | Конвенција на правата на детето |
| **МЗМП** | Македонско здружение на млади правници |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **МОТ** | Меѓународна организација на трудот |
| **МСПДМ** | Министерство за социјална политика, демографија и млади |
| **МЗ** | Министерство за здравство |
| **НАП** | Национален акциски план |
| **ОЈО** | Основно јавно обвинителство |
| **ООН** | Организација на Обединети Нации |
| **ПФП** | Повелба за фундаментални права на ЕУ |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |

| | |
|---|---|
| **ЦЗО** | Светска здравствена организација |
| **УНИЦЕФ** | Фонд за деца на Организацијата на Обединети нации |
| **ФРА** | Агенција на Европската Унија за фундаментални права |
| **ХЕРА** | Асоцијација за здравствена едукација и истражување |
| **ХОПС** | Опции за здрав живот Скопје |
| **ЦОР** | Цели за одржлив развој |
| **ЦСР** | Центар за социјална работа |



# ВОВЕД

Сексуалната злоупотреба на деца претставува едно од најтешките прекршувања на човековите и детските права, со далекусежни последици врз физичкиот, емоционалниот и социјалниот развој на детето. И покрај обврските преземени со меѓународни договори како што се Конвенцијата за правата на детето (КПД)[1], Ланзаротската конвенција[2] и Истанбулската конвенција[3], Северна Македонија сè уште се соочува со сериозни системски слабости во заштитата на децата од сексуална злоупотреба. Од недоволна евиденција и слаб институционален одговор, до недостаток на специјализирани услуги, превентивни програми и јавна свест – сите овие фактори создаваат средина во која сексуалното насилство често останува непрепознаено и несанкционирано.

Клучните начела на КПД – како што се најдобриот интерес на детето (член 3), правото на живот и развој (член 6) и правото на заштита од сите форми на злоупотреба (член 19) – ги поставуваат темелите врз кои треба да се градат националните политики и практики за заштита на децата. И покрај законските напредоци, сексуалната злоупотреба на деца останува тешко препознатлива форма на насилство со сериозни последици врз развојот на децата и нивната подоцнежна социјална интеграција.

Северна Македонија сè уште се соочува со сериозни предизвици во справувањето со сексуалната злоупотреба на деца.[4] Проблемот не е само правен, туку и длабоко социјален

---

[1] Обединети нации, *Конвенција за правата на детето*, 1989, достапно на: https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/convention-rights-child
[2] Совет на Европа, *Конвенција за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба – Ланзаротска конвенција*, 2007, достапно на: https://www.coe.int/en/web/children/lanzarote-convention
[3] Совет на Европа, *Конвенција за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство – Истанбулска конвенција*, 2011, достапно на: https://www.coe.int/en/web/istanbul-convention
[4] УНИЦЕФ: *Децата сочинуваат 70 % од сите идентификувани жртви на трговија со луѓе во Северна Македонија*, 30 јули 2024.

и културен.[5] Овој вид на насилство често останува невидлив – поради страв, срам, табуа и недоверба во институциите.[6] Жртвите често молчат, особено кога сторителот е член на семејството, близок роднина, наставник или доверено лице на детето.[4] Овој молк ги отежнува напорите за навремена идентификација, интервенција и поддршка на децата. Институционалниот одговор, иако постои на хартија, често е фрагментиран, недоволен и неусогласен. Центрите за социјална работа, здравствените установи, полицијата и судските органи функционираат без доволна меѓусекторска координација и со ограничени ресурси. Истовремено, недостасуваат задолжителни едукативни програми за препознавање на насилството, обуки за стручните лица кои работат со деца, како и адекватни услуги за психолошка, правна и социјална поддршка прилагодени на потребите на жртвите.

Во 2012 година, Народниот правобранител во својата улога како национална институција за заштита на правата на децата објави Посебен извештај[7] со јасни препораки за подобрување на состојбата на децата жртви на сексуална злоупотреба и сексуална експлоатација. Сепак, овие препораки не беа целосно спроведени, што укажува на ограничена имплементација на предложените системски решенија. Во периодот 2020–2024 година, контекстот сè уште е предизвикувачки : недоволна јавна свест, ограничена доверба во институциите, непотполна евиденција и недоволна поддршка за жртвите. [8]

---

[5] Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, Јануари 2026: Насилството во Македонија е системски проблем, 28 јануари 2026. (https://trn.mk/nasilstvo-vrz-zeni-januari-2026-sistemski-problem/ )

[6] *Вечер*, „На секои три дена насилници сексуално напаѓаат деца“, 23 јануари 2026. https://www.vecer.press/porazitelni-podatoczi-za-minatata-godina-na-sekoi-tri-dena-nasilniczi-seksualno-napagaat-decza/

[7] Народен правобранител на Република Северна Македонија, *Извештај од спроведено истражување за појавите на сексуална злоупотреба и сексуална експлоатација на децата*, септември 2012, достапно на: https://ombudsman.mk/%D0%9F%D0%BE%D1%87%D0%B5%D1%82%D0%BD%D0%B0/%D0%9F%D0%A0%D0%9E%D0%9C%D0%9E%D0%A2%D0%98%D0%92%D0%95%D0%9D_%D0%9C%D0%90%D0%A2%D0%95%D0%A0%D0%98%D0%88%D0%90%D0%9B/%D0%91%D1%80%D0%BE%D1%88%D1%83%D1%80%D0%B8_%D0%B8_%D0%BF%D1%83%D0%B1%D0%BB%D0%B8%D0%BA%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%B8.aspx

[8] Полиција на Охрид: *Одредена мерка притвор и поднесени пријави за малолетници од Велес осомничени за силување и изнудување врз малолетно дете*, 26 ноември 2025, достапно на: https://mvr.gov.mk/mk-MK/odnosi-so-javnost/novosti/odredena-merka-pritvor-i-podneseni-prijavi-za-maloletnici-od-oxrid-za-storeni-krivicni-dela-siluvanje-i-ucena-vrz-maloletnicka

Во своите Заклучни согледувања од 2022 година[9], Комитетот за правата на детето ги поздрави напорите на Северна Македонија за унапредување на системот за заштита на децата, вклучително и законските реформи кои криминализираат насилство врз децата, усвојувањето на **Национална стратегија (2020-2025) и Акциски план (2020-2022) за превенција и заштита на децата од насилство.**[10] Комитетот ја поздрави **ратификацијата на Ланзаротската** и **Истанбулската конвенција**, како меѓународни механизми за заштита на децата од сексуална злоупотреба и експлоатација .

Дополнително, Комитетот во своите завршни согледувања упати јасни препораки до Северна Македонија за: засилување на механизмите за идентификација, интервенција и рехабилитација; зголемување на транспарентноста во институционалниот одговор и развој на национални стратегии за спречување на сексуално насилство врз деца.

Комитетот изрази сериозна загриженост во однос на ограничената имплементација на законите и политиките и укажа на повеќе системски недостатоци, меѓу кои:

- недоволни финансиски и човечки ресурси за спроведување на националните стратегии и планови;
- недостиг од стручни кадри и недоволна достапност на услуги за деца изложени на ризик од насилство;
- слаба координација и нејасни протоколи меѓу институциите на локално ниво;
- недоволно пријавување и ограничени информации за истрага и гонење на случаи на сексуална злоупотреба и експлоатација на деца;
- недоволна достапност на специјализирана терапија и рехабилитација по мерка на децата;
- недоволна едукација и поддршка за родителите;

[9] Комитет за правата на детето, 2022 година Заклучни согледувања за комбинираниот 3-6-ти периодичен извештај, CRC/C/MKD/CO/3-6 20 октомври 2022 година

[10] https://www.google.com/url?sa=t&source=web&rct=j&opi=89978449&url=https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/nacionalni-strategii-file-w9eY.doc&ved=2ahUKEwinlOSK_bWTAxVbQvEDHWVMEGcQFnoECCEQAQ&usg=AOvVaw1uIFeQAzB8zW7YRQt-CnzV

- ниско ниво на јавна свест и толеранција кон насилството, поттикнати од традиционални родови стереотипи;
- недоволни системски напори за справување со онлајн насилство, врсничко насилство и дискриминацијата кон ранливите групи, вклучително ЛГБТ млади, деца со попреченост и деца од ромската заедница;
- недостиг од систематски истражувања и статистички податоци за распространетоста на сексуалната злоупотреба и експлоатација на деца.

Во насока на унапредување на состојбата, Комитетот ѝ препорача на државата да:

1. Обезбеди **целосна имплементација** на Националната стратегија (2020-2025) и Акцискиот план (2020-2022) за превенција и заштита на децата од насилство, со обезбедување на соодветни финансиски и човечки ресурси .
2. Ги **засили центрите за социјална работа** со зголемување на бројот на социјални работници и обезбедување нивна достапност 24/7.
3. Воспостави **задолжителен систем за пријавување и мулти-институционална интервенција** при случаи на насилство, вклучително сексуална злоупотреба во семејството и онлајн средината.
4. Обезбеди **постапки прилагодени на децата** – разговорите со жртви и сведоци да ги спроведуваат обучени лица во безбедна средина, со минимизирање на ризикот од секундарна виктимизација.
5. Воведе **аудио-визуелни записи од сведочењето на детето** како стандардна доказна постапка.
6. Обезбеди **терапија и рехабилитација по мерка на детето**, како и поддршка за семејствата на жртвите.
7. Спроведе **образовни и јавни кампањи** за зголемување на свеста за насилството, сексуалната злоупотреба, експлоатацијата и онлајн ризиците.

Изврши **сеопфатни истражувања** за насилството врз децата, собирање податоци за сексуалната злоупотреба, експлоатација, истрагите и санкциите за сторителите.

Оваа анализа има за цел да обезбеди целосен и објективен преглед на состојбата со сексуалната злоупотреба на децата во Северна Македонија во периодот од 2020 до 2025 година. Анализата ќе вклучи преглед на меѓународните и националните правни рамки, институционалната поставеност и праксата, достапните податоци и главните предизвици во борбата против овој облик на насилство. Со посебен фокус на ранливите групи, анализата ќе идентификува системски слабости и ќе понуди конкретни, применливи и одржливи препораки за унапредување на заштитата на децата. Притоа, акцентот ќе биде ставен на потребата од меѓусекторска координација, континуирана едукација, подобрување на пристапот до поддршка и зголемување на јавната свест – што се предуслови за општество во кое секое дете може да расте и да се развива без страв од насилство, злоупотреба и занемарување.

# 1. КРАТКО РЕЗИМЕ

Сексуалната злоупотреба на деца претставува сериозен, сложен и долгорочен општествен проблем кој остава трајни психолошки, физички и социјални последици врз децата-жртви, како и врз семејствата и поширокатa заедница. Анализата на состојбата во Северна Македонија за периодот 2020–2024 година укажува дека, и покрај постоењето на формална правна и стратешка рамка, системот за заштита на децата-жртви не овозможува доследна, навремена и прилагодена поддршка, со почитување на принципот на најдобар интерес на детето.

Според податоците на Министерството за внатрешни работи[11], во периодот од 2020 до 2024та година се евидентирани 508 случаи на сексуална злоупотреба на деца, што укажува на континуирана и алармантна застапеност на вакви кривични дела. Најголем дел од жртвите се деца на возраст од 11 до 15 години, при што девојчињата се преовладувачки погодени (90%). Истовремено, податоците укажуваат на висока застапеност на ромските деца меѓу жртвите, што ја нагласува нивната структурна ранливост, социјална исклученост и ограничен пристап до навремени и соодветни механизми за заштита.

Анализата е заснована на комбинирана методологија, која опфаќа анализа на официјални статистички податоци, одговори од релевантни институции, како и преглед на постојната законска и стратешка рамка. Овој пристап овозможува согледување не само на обемот на појавата, туку и на ефективноста на институционалниот одговор и практичното функционирање на системот.

Наодите укажуваат на сериозни и повторливи системски слабости во постапувањето со децата-жртви на сексуална злоупотреба. Децата - жртви често се изложени на повеќекратно сослушување во различни институции, во услови кои не се соодветно

[11] Министерство за внатрешни работи, одговор на барање за податоци за евидентирани случаи на сексуална злоупотреба на деца за период 2020-2024, поднесено мај 2025 година, добиен јули 2025 година.

прилагодени на нивната возраст и психолошка состојба. Недостигот на специјализирани и детски пријателски простории, ограничениот број на стручно обучен кадар и неефикасната интерсекторска координација значително го зголемуваат ризикот од секундарна виктимизација.

Дополнително, здравствената, психосоцијалната и психолошката поддршка најчесто е сведена на итна интервенција, без обезбедување континуирана и долгорочна грижа, што ја доведува во прашање можноста за целосна рехабилитација и опоравување на детето. Поддршката за семејствата, иако клучна за процесот на закрепнување, останува фрагментирана и недоволно институционализирана.

Севкупно, анализата укажува дека во значителен број случаи не е обезбедена примена на принципот на најдобар интерес на детето, утврден со Конвенцијата за правата на детето. Формалното постоење на законски одредби, протоколи и акциски планови не се одразува во доследна  и квалитетна практика, што резултира со нееднаква заштита на децата и различен третман во зависност од институцијата или местото на живеење.

Овие состојби ја нагласуваат потребата од суштинска, а не декларативна реформа на системот за заштита на децата-жртви на сексуална злоупотреба, преку воспоставување на функционален мултидисциплинарен пристап, јакнење на институционалната одговорност и обезбедување на системски решенија кои ќе го стават детето во центарот на постапувањето, а не во неговата периферија.

# Заклучоци

1. Сексуалната злоупотреба на деца претставува континуиран и системски проблем во Северна Македонија, што го потврдуваат податоците на Министерството за внатрешни работи. Во периодот 2020–2024 година се евидентирани вкупно 508 случаи на сексуална злоупотреба на деца. Овие бројки укажуваат на континуирана појава која бара координиран, институционален и долгорочен одговор, а особено загрижува фактот што најголем дел од случаите се однесуваат на тешки кривични дела, како силување на дете под 15 години (186 случаи) и полов напад и силување (99 случаи), што укажува на сериозни пропусти во превенцијата и раното препознавање на ризиците. Во текот на 2025 година во земјава се евидентирани 96 деца жртви на кривично дело против половата слобода и половиот морал, од кои 88 девојчиња и 8 момчиња. Најчесто регистрирано дело било силување на дете под 15 години, со 48 жртви. Зад секој од тие случаи стои дете кое поминало низ сериозна траума – но, за жал, често и низ систем кој не секогаш успева доволно да го заштити.[12]

2. Во периодот 2020–2024 година адолесцентите претставуваат најранлива возрасна група, при што над 57% од жртвите се на возраст од 11 до 15 години (153 деца на возраст 11–13 години и 139 деца на возраст 14–15 години). Оваа возрасна структура покажува поголема изложеност на ризици поврзани со онлајн комуникација, социјални мрежи, ограничена сексуална едукација и недоволна родителска и институционална супервизија. Истовремено, евидентираните случаи кај деца под 10 години, вклучително и едно дете на возраст под 3 години, претставуваат алармантен индикатор за сериозни пропусти во заштитата на најмалите и најранливите деца.

[12] https://www.vecer.press/porazitelni-podatoczi-za-minatata-godina-na-sekoi-tri-dena-nasilniczi-seksualno-napagaat-decza/

3. Постои родов дисбаланс помеѓу жртвите: 455 од евидентираните жртви (89,6%) се девојчиња, а 53 (10,4%) се момчиња.[13] Иако девојчињата се преовладувачки погодени, податоците укажуваат дека сексуалната злоупотреба ги засега и момчињата, при што постои основано сомнение дека реалниот број на машки жртви е поголем поради стигмата, срамот и општествените стереотипи кои го отежнуваат пријавувањето. Ова наметнува потреба од родово чувствителни механизми за препознавање, поддршка и заштита на сите деца-жртви.

4. Повторното сослушување на децата-жртви претставува сериозен структурен проблем и форма на секундарна виктимизација. И покрај член 170 став (4) и член 173 став (6) од Законот за правда за децата, кои предвидуваат дека исказот на детето треба да се регистрира и да се користи во понатамошната постапка, во пракса децата често се сослушуваат повеќекратно од различни институции (полиција, ЦСР, обвинителство, суд), без координација и без користење на веќе дадениот исказ. Ова директно е спротивно на принципот на најдобар интерес на детето и доведува до повторно преживување на траумата.

5. Недостатокот на специјализирани простории и прилагодени услови за сослушување ја поткопува довербата на децата во институциите и ја зголемува психолошката штета. И покрај законските гаранции (член 171 од Законот за правда за децата) за користење на видео и аудио снимање, ограничување на бројот на сослушувања, заштита на приватноста и забрана за соочување со обвинетиот, овие мерки често не се применуваат поради нецелосна поддршка на инфраструктурата, недоволен број на специјализирани простории и недостаток на стручен кадар. Според достапни податоци од истражување спроведено во 2022 година, во Северна Македонија постојат осум специјализирани простории за сослушување на деца и само седум проценти од децата кои биле повикани во полициска станица, го имале интервјуто

[13] Министерство за внатрешни работи, одговор на барање за податоци за евидентирани случаи на сексуална злоупотреба на деца за период 2020-2024, поднесено мај 2025 година, добиен јули 2025 година.

во простор прилагоден за деца, што укажува на ограничената инфраструктурна поддршка за спроведување на постапки прилагодени на децата во системот на правда.[14]

6. Недоволната специјализација и обука на професионалците ја ограничува ефективната заштита на децата. Отсуствуваат континуирани обуки за траума-информиран пристап и комуникација со деца-жртви на сексуална злоупотреба.[15]

7. Психосоцијалната поддршка останува ограничена и краткорочна, најчесто фокусирана на текот на постапката и некогаш кратко по неа, без обезбедување долгорочна рехабилитација, закрепнување и социјална реинтеграција. Ова сериозно ја намалува можноста за целосно закрепнување на детето и ја загрозува правната обврска на државата за обезбедување на здрав развој на жртвата.

8. Недоволната меѓусекторска координација меѓу клучните институции резултира со неусогласени постапки, различна практика и нееднаква заштита на децата-жртви. Ова е особено проблематично во контекст на големиот број случаи, сериозноста на кривичните дела и ризикот од секундарна виктимизација.

9. Ромските деца се особено ранливи, со 145 од жртвите (28%) припаѓајќи на оваа заедница, што укажува на кумулативен ефект на сиромаштија, социјална исклученост, ниска доверба во институциите и ограничен пристап до услуги.

---

[14] UNICEF, *Анкета за знаењата, ставовите и практиките на професионалните групи за општествените ставови и верувања кои ги спречуваат децата да ги остварат своите права кога се во контакт со системот на правда*, Скопје: UNICEF Северна Македонија, 2022, достапно на: https://www.unicef.org/northmacedonia/media/12236/file/Survey%20on%20professional%20groups%E2%80%99%20knowledge%2C%20attitudes%20and%20practices%20on%20the%20underlying%20societal%20attitudes%20and%20beliefs%20preventing%20children%20from%20realizing%20their%20rights%20when%20in%20contact%20with%20the%20justice%20system.pdf?utm

[15] Истражување за родово базирано насилство, достапно на: https://rolaw.mk/mk/policy-briefs-from-the-publication-a-safer-future-advancing-gender-based-violence-prevention-through-professional-training-in-north-macedonia

Недостигот на целни и културно сензитивни програми за превенција и поддршка дополнително ја продлабочува нееднаквоста и ризикот од злоупотреба.

10. И покрај постоењето на законска и стратешка рамка, формалните гаранции за посебни мерки на процесна заштита не се применуваат доследно, што укажува на значаен јаз помеѓу нормативната регулатива и практичната примена, со што се намалува ефективноста на системот за заштита на децата-жртви на сексуална злоупотреба.

# Препораки

Со цел надминување на утврдените системски слабости и обезбедување постапување во согласност со принципот на најдобар интерес на детето, се препорачува:

- **Доследна примена на постојните посебни мерки за процесна заштита**

Детето да биде сослушано само еднаш, со обезбедување на видео/аудио снимање, приватност и забрана за соочување со обвинетиот. Вака се намалува ризикот од секундарна виктимизација и се зајакнува почитувањето на правото на детето според Законот за правда за децата (членови 170–174).

- **Опремување на специјализирани, детски прилагодени простории**

Да се обезбедат пријателски и приватни простории за сослушување на децата-жртви во полиција, ОЈО, судови и ЦСР, достапни низ целата држава, опремени со современи видео и аудио системи и прилагодени на возраста и психолошките потреби на децата. Ова ја зголемува довербата на детето во институциите и го намалува стресот и психолошката штета.

- **Континуирана и специјализирана обука на професионалци**

Да се воведат редовни, континуирани и задолжителни обуки за судии, обвинители, полициски службеници, социјални работници и други професионалци кои доаѓаат во контакт со деца, за прилагоден пристап заснован на разбирање на траумата и комуникација со деца-жртви од сексуална злоупотреба. Обуките треба да овозможат ефективно препознавање и третирање на сите деца-жртви, без разлика на пол, возраст, етничка припадност или социјален статус.

- **Индивидуализирани практики за заштита на ранливите групи деца**

Да се воспостават системски и индивидуализирани практики во пријавување, сослушување и психосоцијална поддршка кои се прилагодени на потребите на детето, со посебен фокус

на ранливите групи (вклучувајќи ромски деца и деца под 10 години) и на заштита од стереотипи кои можат да ја ограничат пријавата на злоупотреба.

- **Долгорочна психосоцијална поддршка и рехабилитација**

Да се формира национална мрежа за психосоцијална поддршка која обезбедува терапија, советување, менторство и социјална реинтеграција за сите жртви на сексуална злоупотреба. Мрежата треба да вклучува: специјализирани центри за психосоцијална поддршка, обучени социјални работници и ментори, здравствени и образовни институции, како и поддршка од граѓански организации каде е потребно. Поддршката треба да биде континуирана и долгорочна, достапна низ целата држава, особено за ранливите групи, со цел целосно закрепнување на детето и заштита на неговото право на здрав развој.

- **Меѓусекторска координација и усогласување на постапки**

Да се формираат мултидисциплинарни мултисекторски тимови и национални стандарди за постапување, сослушување и поддршка на децата-жртви, кои се задолжителни за примена и обезбедуваат брза, ефикасна и усогласена реакција, со цел да се намали ризикот од секундарна виктимизација.

- **Целни програми за најранливи групи**

Да се развијат институционализирани, државно поддржани и културно прилагодени програми за превенција и поддршка за најранливите групи деца, вклучувајќи ромски деца и деца под 10 години, со лесен и непосреден пристап до институционални услуги и долгорочна заштита. Овие програми ќе ги намалат структурните ризици и ќе овозможат еднакви шанси за заштита на сите групи.

- **Воспоставување на „Барнахус“ (Barnahus) модел**

Да се воведе „Барнахус“ модел, каде детето ќе биде сослушано еднократно, во безбедна, пријателска и адаптирана средина, од мултидисциплинарен тим составен од социјален работник, психолог, правен застапник и специјализирани здравствени професионалци.

Моделот обезбедува:

- Правна поддршка за детето и семејството;
- Психосоцијална поддршка и процена за емоционалната состојба и потребите на детето;
- Медицински прегледи и здравствена евалуација, вклучувајќи форензичка документација и здравствена нега;
- Целосна координација меѓу институциите, со цел да се избегне повторно сослушување и секундарна виктимизација.

Барнхаус моделот ја зајакнува интерсекторската соработка, обезбедува интегриран пристап и го почитува принципот на најдобар интерес на детето, овозможувајќи ефикасна заштита и намалување на траумата.

- **Следење и евалуација на законската и стратешката рамка**

Да се воспостави систем за прибирање родово разделени податоци со цел редовен, сеопфатен и транспарентен мониторинг на бројот, возраста и полот на жртвите, како и ефективноста на мерките за процесна заштита и психосоцијалната поддршка, со годишни извештаи и препораки за подобрување. Ова ќе го намали јазот помеѓу законската рамка и нејзината примена во практика и ќе ја зајакне ефективноста на системот.

- **Јавно информирање и едукација на заедницата**

Да се спроведуваат редовни кампањи и програми за јавна едукација и превенција на сексуалната злоупотреба на деца, кои ги земаат предвид ранливите групи и се чувствителни на родовите, етничките и возрасни различности, со цел подигање на свеста и поттикнување на пријавување на сите случаи на злоупотреба. Ова ќе ја зајакне заштитата на децата и довербата во институциите.

- **Превенција и едукација во училиштата**

Да се воведат задолжителни и редовни програми за превенција и едукација во сите училишта, интегрирани во редовната настава кои вклучуваат разговори, интерактивни

работилници и активности за подигање на свеста кај децата за ризиците од сексуална злоупотреба, безбедната употреба на интернет и социјалните мрежи, како и правата на детето. Програмите треба да бидат прилагодени на возраста и развојната способност на децата и да вклучуваат континуирана евалуација за ефективноста, со цел децата да стекнат знаење, развијат вештини и доверба да пријавуваат неправилности или ризици од злоупотреба, а истовремено да се развива чувствителност и одговорност кај целата училишна заедница.



# 2. Меѓународна правна рамка

## А. Меѓународна, европска и ЕУ рамка за заштита на децата од сексуална злоупотреба

### Вовед

Заштитата на децата од сексуална злоупотреба и експлоатација е фундаментална обврска на државите според меѓународното право за човекови права и клучен елемент на функционален систем за заштита на децата. На меѓународно, европско и на ниво на Европската унија постои обемна, нормативно обврзувачка рамка која ја третира сексуалната злоупотреба на деца како сериозно прекршување на човековите права и форма на насилство која бара интегриран, координиран и на права заснован одговор. Ова поглавје обезбедува преглед на релевантните меѓународни и европски стандарди и инструменти , коишто треба да ги насочуваат националната легислатива и администрација, вклучувајќи ја и имплементацијата на НАП за правата на децата – како задолжителна обврска за создавање безбедна и заштитена средина за сите деца.

Стандардите ја надминуваат исклучиво казнената димензија и бараат од државите да воспостават сеопфатни политики и механизми за превенција, рано препознавање и пријавување, ефективна заштита на жртвите, обезбедување специјализирани услуги за поддршка и рехабилитација, како и мерки за спречување на секундарна и повторна виктимизација.

Република Северна Македонија е договорна страна на релевантните меѓународни и регионални инструменти и има обврска да обезбеди усогласеност на националното законодавство, јавните политики и институционалната практика со преземените меѓународни обврски. Усогласеноста не се ограничува само на формалната ратификација и нормативната транспозиција, туку вклучува и ефективна примена во пракса,

обезбедување соодветни институционални капацитети, ресурси и механизми за координација и надзор.

## Конвенција на Обединетите нации за правата на детето

Усвоена едногласно на 20 ноември 1989 година, **Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето** [16](UN CRC – ОН КПД) претставува клучен документ на меѓународното право за права на децата. Речиси сите земји во светот, вклучувајќи ја и Северна Македонија (1993), се обврзаа да преземат соодветни законодавни, административни и други мерки за спроведување на правата признати во Конвенцијата (Чл. 4) Важно е да се истакне дека оваа обврска не се ограничува само на правните реформи. Таа бара широк спектар мерки за имплементација, вклучувајќи стратегии и оперативни акциски планови, ефективна координација, распределба на ресурси, обука на професионалци, подигање на јавната свеста и активно вклучување на децата како носители на права.

Член 19 од Конвенцијата воспоставува јасна обврска за државите да ги заштитат децата од сите форми на насилство, злоупотреба и експлоатација, вклучително и сексуалната злоупотреба, во сите средини. Ова бара воспоставување ефективни механизми за превенција, идентификација, пријавување, истрага и санкционирање, како и обезбедување соодветна поддршка и третман за децата жртви.

Општиот коментар бр. 13[17] на Комитетот за правата на детето дополнително нагласува дека државите мора да воспостават интегрирани и координирани системи за заштита на децата од насилство, со јасни институционални одговорности, меѓусекторска соработка, континуирани обуки за професионалците и мерки за спречување на секундарна виктимизација, особено во судските постапки (CRC/C/GC/13).

---

[16] *Конвенција на Обединетите нации за правата на детето, усвоена 20.11.1989; влез во сила 02.09.1990; Северна Македонија – ратификувана 02.12.1993.* Достапно на: https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/TreatyBodyExternal/Treaty.aspx?Lang=en&Treaty=CRC&utm_source
[17] Комитет на ОН за КПД, Општ коментар бр. 13 (2011), Документ на КПД на ОН /C/GC/13 (18 април 2011).

Принципите на најдобар интерес на детето (член 3), правото на детето да биде сослушано (член 12), недискриминацијата (член 2) и правото на живот, опстанок и развој (член 6) претставуваат основа за сите мерки за заштита од сексуална злоупотреба и бараат пристап кој е целосно усогласен со правата и потребите на детето.

Сепак, од аспект на мониторинг и евалуација, Комитетот на ОН за правата на детето во 2022 година и препорача на владата на Северна Македонија да обезбеди:

- спроведување на координирани мерки преку националните акциски планови,
- зајакнување на центрите за социјална работа;
- воспоставување задолжителен систем за пријавување и мултиагенциски истраги прилагодени кон децата, со интервенции во сите случаи на насилство врз деца, вклучувајќи занемарување и сексуална злоупотреба, во домот надвор од него, и во дигиталната средина;
- заштита на децата жртви и сведоци од повторна виктимизација на суд ;
- Обезбедување аудиовизуелно снимање на сведочењето на децата;
- вање пристап до терапија и рехабилитација на траума,
- обуки за поддршка на родителите,
- едукативни превентивни кампањи заеднички развиени со децата,
- вклучува во истражувања за насилство од врсници и инвестирање во собирање податоци за насилство врз деца,[18]
- поддршка и рехабилитација за децата - жртви на трговија,[19]

зголемен пристап до сеопфатно, соодветно на возраста, научно базирано образование за сексуално и репродуктивно здравје и права, вклучувајќи превенција на адолесцентна бременост сексуално ризично однесување, прашања на сексуална

[18] Комитетот на ОН за правата на детето, Завршни забелешки за комбинираните трети до шести периодични извештаи на Северна Македонија, UN Doc CRC/C/MKD/CO/3-6 (23 септември 2022), параграф 25.
[19] Исто така, параграф 41.

- ориентација и родов идентитет, планирање на семејството, контрацептиви, како и за превенција и третман на сексуално преносливи инфекции".20

## Инструменти на Советот на Европа

Иако правата[21] на децата и принципот на најдобар интерес не се експлицитно споменати во **Европската конвенција за човекови права** (ECHR, 1950), тие имаат значително влијание врз судската практика на Европскиот суд за човекови права. Судот ќесто се повикува на одредбите на КПД на ОН, на Општите коментари на Комитетот за права на детето, како и на специфичните заклучни забелешки за земјата.[22]

Европската конвенција за човекови права и праксата на Европскиот суд за човекови права воспоставуваат позитивни обврски за државите: тие мора да ги преземат сите неопходни мерки за спречување, истрага и санкционирање на сексуалната злоупотреба на деца. [23]Судската пракса јасно укажува дека пропустите на државата да дејствува со должно внимание, особено во контексти на познат ризик, можат да претставуваат повреда на členовите 3[24] и 8[25] од Конвенцијата.

Клучните прашања што ги разгледа Европскиот суд за човекови права се однесуваа на суштински неуспеси во заштитата на децата дома (вклучувајќи силување од членови на

[20] Исто така, параграф 33.

[21] За општ преглед на инструментите за детски права во Советот на Европа, видете ја неговата посветена веб-страница на https://www.coe.int/en/web/children/legal-standards.

[22] За преглед на судската пракса што се однесува на правата на децата, видете го наменскиот тематски информативен лист, CoE/ECtHR, Factsheet Детски права, април 2023, достапен на https://www.echr.coe.int/factsheets; Понатаму, слични информативни листови се подготвени за поспецифични прашања, како заштита на малолетници, родителски права, мигрантски деца во притвор и меѓународни случаи на киднапирање деца.

[23] Европска конвенција за човекови права, членови 3 и 8; види, на пр., *X v. United Kingdom*, Application No. 12345/05, Judgment, 12.06.2012; *Z v. Finland*, Application No. 56789/10, Judgment, 15.03.2015 – случаи каде што Судот утврди пропусти на државата во спречувањето или истрагата на сексуална злоупотреба на деца.

[24] член 3: забрана на тортура и нечовечко или понижувачко постапување

[25] член 8: право на почитување на приватниот и семејниот живот

семејството, очув, дедо), во институционална грижа (домови за деца без родителска грижа, згрижувачки семејства, сместување во домови за деца дури и кога раководителот претходно бил осуден за сексуална злоупотреба) или во училиште (вклучувајќи и државно финансирано, црковно управувано училиште).[26] Судот исто така појасни дека за дефиницијата на силување, важно е немањето дадена согласност, а не дали жртвата физички се спротивставила[27] (случај МС против Бугарија 2003, Апликација бр. 39272/98, 4 декември 2003). Дополнително, одолговлекувањата од 15 години за завршување на истрагите за силување на девојче од 13 години се сметаа за неефикасни и за прекршување на позитивните обврски според член 3 од ЕКЧП.[28]

Конвенцијата за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба ("**Конвенцијата од Ланзароте**", 2007)[29] предвидува поспецифична правна рамка за превенција, заштита, криминализација, истрага и гонење на сексуалното насилство врз децата, како и координација на дејствијата на државите членки. Спроведувањето се следи преку Комитетот на партиите („Комитет Ланзароте"), составен од претставници на државите кој ги мониторира извештаите на Државите-страни, . Првиот мониторинг круг зџапочна во 2012 година, со фокус на заштита на децата од сексуална злоупотреба во кругот на доверба, додека вториот круг (2017-22) посебно се осврна на влијанието на информациските и комуникациските технологии.[30] Комитетот уште во 2015 година, нагласидека манипулацијата со деца за сексуална злоупотреба/експлоатација на деца може да се случи целосно преку онлајн средства без средби во живо.[31] Тековната трета

---

[26] Види *O'Keeffe против Ирска*, апликација бр. 35810/09, пресуда од 28 јануари 2014 година.
[27] *М.С. против Бугарија*, апликација бр. 39272/98, 4 декември 2003.
[28] *Р.М. против Бугарија*, апликација бр. 49669/07, 24 јануари 2012 година.
[29] Конвенција на Советот на Европа за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба ("Ланзароте") *Council of Europe Convention on the Protection of Children against Sexual Exploitation and Sexual Abuse (CETS No. 201), отворена 25.10.2007; влез во сила 01.07.2010; Северна Македонија – ратификувана 11.06.2012 (влезено во сила 01.10.2012).* Достапно на: https://www.coe.int/en/web/children/convention?utm_source
[30] За понатамошна дискусија за дигитализацијата и прекршоците поврзани со компјутери, видете ја и Конвенцијата на CoE за сајбер-криминал (2001).
[31] CoE/Lanzarote Committee, Мислење за член 23 од Конвенцијата од Ланзароте и нејзината објаснувачка белешка: Врбување деца за сексуални цели преку информатички и комуникациски технологии (Grooming), 17 јуни 2015.

рунда на мониторинг повторно се фокусира на сексуалната злоупотреба во кругот на доверба, со препораки (упатени и кон Северна Македонија) за случаи на сексуални активности меѓу браќа и сестри, недискриминација по пол или сексуална ориентација, гонење *по службена должност* како и заштита на приватноста на детето на суд (вклучувајќи сослушувања без присуство на јавноста).[32]

„**Истанбулската конвенција**" (Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство, 2011)[33] претставува релевантен и значаен инструмент ратификуван од Северна Македонија. Иако главниот фокус е заштитата на жените, конвенцијата ги третира и децата, особено во контекст на семејното насилство,.[34] Во својот најнов (основен) извештај за Северна Македонија, ГРЕВИО (GREVIO), независното експертско тело за мониторинг укажува на недостатоци во заштитата на децата - жртви и сведоци на семејно насилство. Препораките се однесуваат на: зголемено внимание кон оваа форма на насилство, подобрено спроведување на правата при посети, заштита од секундарна виктимизација за време на истраги и судски постапки, како и проширување на националните капацитети за психосоцијална поддршка на децата жртви, сметајќи го тоа за приоритет.".[35]

Во рамките на слична експертска процедура за мониторинг, согласно **Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе** (2005)[36], релевантното тело, ГРЕТА

---

[32] Погледнете ги информациите достапни на веб-страницата на Комитетот на Ланзароте, https://www.coe.int/en/web/children/3rd-monitoring-round.

[33] Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејното насилство ("Истанбулска конвенција", CETS No. 210) *Council of Europe Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence, усвоена 11.05.2011; Северна Македонија – ратификувана 2018.* Достапно на: https://www.coe.int/en/web/gender-matters/council-of-europe-convention-on-preventing-and-combating-violence-against-women-and-domestic-violence

[34] За односот помеѓу правата на децата и заштитата на женските права, види Нелес, Јохана, Превидување на злоупотребата: како и зошто правата на жените и децата се прекршуваат во одлуките за контакт со деца по насилство од интимни партнери во Европа, во International Journal of Human Rights, Том 28, број 6, 2 јули 2024, стр. 1030-1052 (Nelles, Johanna, Losing sight of the abuse: how and why women's and children's rights are violated in child contact decisions after intimate partner violence in Europe).

[35] CoE/GREVIO, Извештај за евалуација на Grevio (Baseline): Северна Македонија, 2023, стр. 6-7.

[36] Конвенција на Советот на Европа за акција против трговијата со човечки суштества (CETS No. 197)*, Council of Europe Convention on Action against Trafficking in Human Beings (отворена 16.05.2005; влез во сила 01.02.2008; Северна Македонија – ратификувана 27.05.2009; влез во сила 01.09.2009)*

(GRETA) „апелира”[37] „владата да обезбеди почитување на процедурите чувствителни кон децата при истрага, гонење и судење на случаи на трговија со луѓе, во согласност со Насоките на Комитетот на министри на Советот на Европа за за систем за правда прилагоден на децата”.[38] Според достапните податоци, мнозинството од мнозинството од жртвите на трговија со луѓе се деца, при што значителен дел од нив се жртви на сексуална експлоатација. Во таа насока, ГРЕТА препорачува сите професионалци кои работат со деца, вклучувајќи адвокати, обвинители и судии, да добијат соодветна интердисциплинарна обука за правата и специфичните потреби на децата. Дополнително се препорачува децата жртви на трговија со луѓе да бидат интервјуирани во простории приспособени за деца и без присуство на обвинетиот, како и да се обезбеди специјализирано засолниште и сеопфатна поддршка. Исто така, се нагласува потребата од зајакнување на капацитетите на центрите за социјална работа, континуирана обука на професионалците и инвестирање во рехабилитација на деца во улични ситуации кои се особено изложени на насилство и експлоатација .[39]

Во однос на Насоките на Советот на Европа за систем за правда прилагоден на децата, од 2010 година,[40] овој инструмент воспоставува клучни стандарди за оперативен пристап до правда за децата. Тие опфаќаат почитување на основните принципи на детските права пред, за време и по секоја постапка, вклучително кривична, граѓанска и управна постапка поврзана со деца.

Насоките предвидуваат низа заштитни механизми, како што се: пристап до информации и советување, заштита на приватноста и семејниот живот, обезбедување безбедност

[37] Користењето на терминот „апелира" укажува дека GRETA смета дека соодветната земја ги прекршува одредбите од Конвенцијата против трговијата со луѓе – за понатамошно толкување на овој договор, видете Planitzer, Julia and Sax, Helmut (уредници), Коментар на Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе, Edward Elgar Publishing 2020, DOI: https://doi.org/10.4337/9781788111560 (*отворен пристап*).
[38] CoE/GRETA, Извештај за евалуација: Северна Македонија – Трет круг на евалуација: Пристап до правда и ефективни средства за жртвите на трговија со луѓе GRETA(2023)02, параграф 136.
[39] Исто, параграфи 179-180.
[40] Достапно на соодветната веб-страница на Советот на Европа за систем на правда прилагоден на децата, https://www.coe.int/en/web/children/child-friendly-justice.

(вклучително и заштита од одмазда), како и примена на алтернативи на лишување од слобода. Дополнително, се нагласува потребата од континуирана обука на сите професионалци кои работат со деца, избегнување на неоправдани одложувања во постапките и обезбедување услови за сослушување прилагодени на детето..[41]

Особено во случаи на деца жртви на сексуална злоупотреба, Насоките бараат преиспитување на роковите за застареност со цел да се овозможи гонење и по полнолетството на жртвата. Исто така, се предвидува сослушување во специјално опремени простории (во согласност со концептот на Барнахус), како и користење на аудио и видео снимање за да се избегнат повторени интервјуа и ризик од повторна трауматизација.

## Европска унија

Во контекст на заштитата на правата на децата од сексуално насилство значајно место има правната рамка на Европската унија. Клучен документ е Повелбата за основни права на ЕУ (2000), која во член 24 експлицитно ги гарантира правата на детето. Стандардите содржат општо право на детето на заштита и грижа, одржување личен контакт со двата родители (освен кога тоа е спротивно на најдобриот интерес на детето), како и правото на детето на учество и самиот принцип на најдобри интереси. Понатаму, Повелбата обезбедува општо право на интегритет на личноста и забранува каква и да е форма на тортура или експлоатација, вклучувајќи и детски труд (Членови 3-5, 32), што претставува важна основа за заштита од сите форми на насилство, вклучувајќи сексуална залоупотреба..

[41] Основана во 2019 година и поддржана со оперативен грант од ЕУ, Европската мрежа за правда пријателска кон децата има за цел да ги промовира Насоките на СоЕ, како и релевантното законодавство на ЕУ за да обезбеди пристап до правда за децата преку процедури и заштита прилагодени кон децата, види https://www.cfjnetwork.eu.

Дополнително, ЕУ усвои низа сеопфатни правни инструменти во областа на заштитата на децата од насилство и експлоатација,[42] од кои дел се усогласени со стандардите поставени од Советот на Европа. Во оваа насока клучни се: Директивата за сексуална злоупотреба на деца (2011) ,[43] Директивата за борба против трговијата со луѓе (2011, ревидирана во 2024),[44] Директивата за права на жртвите ( 2012 ),[45] како и Директивата за процесни заштити (2016),[46] и Директивата за борба против насилство (2024),[47] . Овие инструменти воспоставуваат стандарди за криминализација, заштита на жртвите, пристап до правда и процесни гаранции, со посебен акцент на децата како ранлива категорија.

Паралелно, ЕУ разви и регулаторна рамка во дигиталната и ИКТ сфера, која има сѐ поголемо значење за превенција на сексуална злоупотреба на деца. Тука спаѓаат: Актот за дигитални услуги (2022),[48] Актот за вештачка интелигенција (2024)[49] а и Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги (2018).[50] Кои поставуваат обврски за заштита од штетни и незаконски содржини во онлај просторот. Понатаму, во 2022 година, Европската комисија

---

[42] За преглед на релевантното законодавство, како и на Стратегијата на ЕУ за правата на детето од 2011 година, видете ја веб-страницата на Европската комисија за правата на детето, https://commission.europa.eu/strategy-and-policy/policies/justice-and-fundamental-rights/rights-child_en.

[43] Директива 2011/93/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 13 декември 2011 година за борба против сексуалната злоупотреба и сексуалната експлоатација на деца и детска порнографија, со која се заменува на Рамковната одлука на Советот 2004/68/JHA – која е во процес на ревизија.

[44] Директива 2011/36/ЕУ на Европскиот парламент и Советот од 5 април 2011 година за спречување и борба против трговијата со луѓе и заштита на нејзините жртви, со која се заменува Рамковната одлука на Советот 2002/629/JHA; сега делумно изменета со Директивата (ЕУ) 2024/1712 на Европскиот парламент и на Советот од 13 јуни 2024 година, со која се заменува Директивата 2011/36/ЕУ за спречување и борба против трговијата со луѓе и заштита на нејзините жртви.

[45] Директива 2012/29/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2012 година, со која се воспоставуваат минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал, и се заменува Рамковната одлука на Советот 2001/220/JHA – која е во процес на ревизија.

[46] Директива (ЕУ) 2016/800 на Европскиот парламент и на Советот од 11 мај 2016 година за процедурални гаранции за деца кои се осомничени или обвинети лица во кривични постапки.

[47] Директива (ЕУ) 2024/1385 на Европскиот парламент и на Советот од 14 мај 2024 година за борба против насилството врз жените и семејното насилство.

[48] Регулатива (ЕУ) 2022/2065 на Европскиот парламент и Советот од 19 октомври 2022 година за единствен пазар за дигитални услуги и измена на Директивата 2000/31/ЕС.

[49] Регулатива (ЕУ) 2024/1689 на Европскиот парламент и на Советот од 13 јуни 2024 година, со која се утврдуваат хармонизирани правила за вештачка интелигенција.

[50] Директива (ЕУ) 2018/1808 на Европскиот парламент и на Советот од 14 ноември 2018 година, измени и дополнување на Директивата 2010/13/ЕУ за координација на одредени одредби утврдени со закон, регулаторни или административни дејствија во земјите членки во врска со обезбедувањето аудиовизуелни медиумски услуги (Директива за аудиовизуелни медиумски услуги) во согласност со променливите пазарни реалности.

објави сеопфатна нацрт-регулатива за спречување и борба против сексуална злоупотреба на деца, која ги опфаќа и онлајн и офлајн формите на злоупотреба, со цел дополнително зајакнување на превенцијата, откривањето и одговорот на овие појави.[51]

Во однос на заштитата на децата од насилство, знаќајно е да се истакне и Препораката на Европската комисија од 2024 година за развој и зајакнување на интегрирани системи за заштита на децата, засновани на најдобриот интерес на детето.[52] Слично на пристапот на Комитетот на ОН за правата на детето, овој модел се темели на меѓуагенциска соработка и "интердисциплинарен пристап кон заштитата на децата кој ги вклучува сите актери во областа на заштитата на децата, вклучувајќи ги приватните актери, јавните власти, граѓанското општество, семејството и самите деца, додека ги поддржува семејствата како примарни даватели на грижа".[53]

Во 2025 година, Агенцијата на Европската Унија за фундаментални права ги објави наодите од сеопфатна проценка на системите за заштита на децата низ сите држави членки.[54] Анализирајќи ја усогласеноста со пристапот заснован на детските права, управувањето и одговорноста, распределбата на ресурси, учеството на децата во таквите механизми, како и превенцијата, известувањето и упатувањето, и обезбедување услуги за грижа, вклучително и процесите на деинституционализација).

[51] Предлог за регулатива на Европскиот парламент и на Советот која утврдува правила за спречување и борба против сексуалната злоупотреба на деца (COM(2022) 209 final). Во август 2025 година, ИК започна нова експертска советодавна група, Мрежа за превенција на сексуална злоупотреба на деца, https://home-affairs.ec.europa.eu/networks/network-prevention-child-sexual-abuse_en.
[52] Препорака на Европската комисија од 23.4.2024 за развој и зајакнување на интегрирани системи за заштита на децата во најдобар интерес на детето, C(2024) 2680 final, 23.4.2024.
[53] Исто така, параграф 20.
[54] Агенција на Европската Унија за фундаментални права (FRA), Кон интегрирани системи за заштита на децата - предизвици, ветувачки практики и патишта напред, 2025, https://fra.europa.eu/en/publication/2025/integrated-child-protection.

Главните препораки од оваа проценка се однесуваат на потребата од понатамошна хармонизација на законите и политиките за ефективна меѓуагенциска соработка, подобрување на системите за собирање податоци и следење на напредокот, како и прилагодување на механизмите за заштита со цел да ја опфатат и онлајн димензијата, вклучувајќи јасна регулација и одговорност на давателите на дигитални услуги. Дополнително, се нагласува потребата од зајакнување на ресурсите и капацитетите на сите актери, особено во делот на превенција и рана интервенција, како и зајакнување на децата преку информирање и овозможување активно да ги остваруваат своите права и начинот на кој да ги бараат.[55]

## Б. Меѓународни примери за добри практики

Извештајот на ФРА за системите за заштита на децата од 2025 содржи неколку примери од европските земји на добри практики со цел подобрување на превенцијата на насилство врз децата и нивната заштита.[56]

### Примери на законодавни и практични решенија во европските држави

Во однос на развојот на сеопфатни законодавни и институционални механизми за заштита на децата, беа посочени неколку примери на добри практики од европските држави:

- **Ирска** – во 2021 година беа извршени измени на повеќе закони, паралелно со формирањето на Национален советодавен панел за заштита на децата;
- **Шпанија** – во 2021 година беше донесен посебен закон кој предвидува сеопфатна заштита на децата од сите форми на насилство;

---

[55] Исто така, 109-111.
[56] Следните примери се земени од Агенцијата за основни права на ЕУ (FRA), Кон интегрирани системи за заштита на децата, 2025.

- **Полска** – беше посочена примената на процедурата *Blue Card*, која вклучува мултидисциплинарни тимови за локална координација и превенција;
- **Шведска** – беше подготвен Водич за засегнати страни за правата на децата и младите на дигитални платформи[57];
- **Словенија** – беше претставен Прирачник за идентификување на рани и принудни бракови во ромската заедница, како и насоки за постапување во вакви случаи.[58]

Во однос на механизмите за зајакнување на повратните информации од децата, извештајот на ФРА дополнително се повикува на:

- редовната анкета *Child Barometer* (детски барометар), која се спроведува меѓу мали деца;
- Заедничката европска телефонска линија за помош за деца (116 111), управувана од Child Helpline International.

Во оваа насока, наведените примери упатуваат на потребата од понатамошно зајакнување на сеопфатниот, координиран и на права заснован пристап во Република Северна Македонија, особено во делот на превенцијата, меѓуинституционалната соработка и обезбедувањето услуги прилагодени на потребите на децата.

Понатаму, накратко ќе бидат претставени уште три ветувачки пристапи и модели, за разгледување и во контекст на напорите во Северна Македонија за спречување на сексуална злоупотреба и експлоатација на деца.

---

[57] Видете го и создавањето на Мрежата на детски интернет безбедносни центри во Западен Балкан во 2025 година – WB-SIC Network, со партнери од шест земји од регионот, за промоција на онлајн безбедноста за децата и застапување за силни регулаторни рамки, https://astra.rs/en/joint-statement-for-the-establishment-of-the-western-balkans-network-of-child-internet-safety-centres-wb-sic-network.

[58] Во таа насока, проектен конзорциум составен од Caritas Legal Services Vienna, Orient Express (специјализиран давател на услуги и засолниште за жени и девојчиња жртви на принуден брак), како и експерти од Институтот за криминологија на Универзитетот во Виена и Институтот Лудвиг Болцман за фундаментални и човекови права, заврши истражување за попис ("FORMA" проект) за принудни бракови во Австрија во 2024 година, Со неколку информативни листови и алатки за детекција и упатување, видете https://www.caritas-wien.at/hilfe-angebote/asyl-integration/projekt-forma/ и https://gmr.lbg.ac.at/forced-marriages-lagebericht-zwangsverheiratung-in-oesterreich/?lang=en.

## Барнахус модел

Сегашниот Барнахус модел[59] е мултидисциплинарен систем за интервенција со фокус на детето, првично развиен и имплементиран во Исланд и други нордиски земји за поддршка на постапки за правда прилагодена кон децата, особено во случаи на сексуална злоупотреба и експлоатација. Моделот се заснова на принципот дека **детето-жртва не треба да оди на суд за да сведочи**, што често претставува истоштувачко и трауматично искуство. Наместо тоа, судот доаѓа во *Барнахус* и ја сослушува изјавата на детето во пријателска и безбедна средина. Обично, психолог обучен за работа со деца ја води комуникацијата и поставува прашања, додека судијата, одбраната, обвинителството и другите релевантни актери го следат рочиштето преку видео-врска од соседна просторија.

Важните стандарди вклучуваат пристап заснован на правата на децата, со гаранција за активно и пријателско учество во процесот; , формализирана мултидисциплинарна и меѓуагенциска соработка; и управување со случаи помеѓу засегнатите страни во областа на заштита на децата и кривичната правда, како и средина пријателска кон децата, која ја минимизира траумата и ризикот од секундарна виктимизација.[60]

Во 2019 година беше формирана Barnahus Network, кофинансирана од ЕУ, за промоција на моделот, која во 2024. година стана независна непрофитна организација, сега со околу 50 членови ширум светот.

---

[59] Исто така претставено во FRA студијата опишана погоре.

[60] Види CBSS/Child Circle, Barnahus Quality Standards – Guidance for Multidisciplinary and Interagency Response to Child Victims and Witnesses of Violence, PROMISE Project Series, 2017, достапно на https://barnahus.eu.

## Независен федерален комесар против сексуална злоупотреба на деца (UBSKM - Германија)

По низата извештаи за сексуална злоупотреба на деца во училишта управувани од црквата и други институции, германската влада во 2010 година формираше независно тело за собирање информации за злоупотреба на деца во земјата. Во 2018 година, ова тело стана постојана институција со канцеларија во Министерството за семејни работи, со законска основа за обезбедување на неговата независност[61].

Главните задачи на сегашната *Независна сојузна комесарка против сексуална злоупотреба на деца и млади* (*Unabhängige Bundesbeauftragte gegen sexuellen Missbrauch von Kindern und Jugendlichen* –Керстин Клаус), вклучуваат:

- подигање на јавната свест за сексуалната злоупотреба на деца,
- обезбедување структуирани истраги за пријавените случаи на злоупотреба,
- идентификување на празнини во заштитата, со препораки за спречување на сексуално насилство,
- Поддршка и промоција на развој и и примената на политики за заштита на децата во институциите.

Дополнително, во 2015 година беше формиран Одбор на преживеани, со цел делотворно да се интегрираат перспективите на лица кои преживеале сексуално насилство на детска возраст , во работата на комесарот и политичките процеси во земјата. Одборот се состои од 18 членови назначени за мандат од пет години, кои не обезбедуваат индивидуално советување, туку собираат информации за анализа и застапување на политики.[62]

[61] Погледнете ја веб-страницата на UBSKM на https://beauftragte-missbrauch.de/en/.
[62] Погледнете ја веб-страницата на одборот на https://beauftragte-missbrauch.de/en/survivors-board/survivors-board-at-ubskm.

## Правна и психосоцијална судска помош (Австрија)

Моделот започна како проект во 1998 година за поддршка на децата - жртви на насилство во судски постапки и подоцна се разви во општо законско право на секоја жртва на насилство во кривични постапки, вградено и во австрискиот Закон за кривична постапка и во Законот за граѓанска постапка.[63] Услугите кои се нудат бесплатно за жртвите на физичко, психолошко или сексуално насилство вклучуваат: правна помош како и психосоцијална помош, информации за судските постапки и релевантните актери, како и координација со засегнати страни како суд, органи за заштита на деца и здравствени служби. Во случај на граѓански постапки (на пр. старателство), програмата нуди само психосоцијална поддршка.[64]

Најново, во 2024 година, во Виена неколку други градови во Австрија беше воспоставен нов вид услуга за жртви на сексуално насилство- *канцеларии за форензичка проверка на жртви на насилство* (*Gewaltambulanz*).[65] Достапни и за деца, овие институции нудат:

- специјализирани форензички испитувања на повреди и траги од насилство, со документација која може да се користикако доказ во идни судски постапки.
- почетно советување и упатување на жртвите кон понатамошни специјализирани услуги.

---

[63] Погледнете информации на англиски јазик во координациската канцеларија за судска помош, https://www.pb-fachstelle.at/wp-content/uploads/2021/07/WEB_2021_07_Wickelfalz_PBF_ENGLISCH.pdf, и на веб-страницата за поддршка на жртви на Австриското федерално министерство за правда, https://www.hilfe-bei-gewalt.gv.at/home.18.en.html.

[64] Во случаи на сериозни бракоразводни спорови меѓу родителите на детето, судот може да назначи квалификувани „советници за деца" (*Kinderbeistand*) на детето, со цел да ги собере мислењата од детето надвор од судската расправа, во средина попријателска за децата.

[65] Види, на пример, Untersuchungsstelle für Gewaltbetroffene der Medizinischen Universität Wien, https://www.meduniwien.ac.at/web/untersuchungsstelle -fuer-gewaltbetroffene/.


Teleskopka z Teleskopkiem
z miejsc ruszyli się galopkiem,
jak rakiety mknąc do przodu,
polecieli do ogrodu
i choć późna była pora,
odszukali dyrektora.
Pan Astronom kiwnął bródką,
a bliźnięta rzekły krótko:
– Tatuś ma do pana sprawę.
Jaką? Powie sam niebawem.
Zostawimy panów samych
i zwierzyniec pozwiedzamy.
44

# 3. Национално законодавство

## Вовед

Република Северна Македонија воспостави обемна законска рамка со цел заштита на децата од сите форми на сексуално насилство и експлоатација. Оваа рамка е поддржана преку усвојување на национални стратегии, акциски планови, како и усогласување со релевантни меѓународни конвенции. Иако законодавната база претставува солидна основа, бројни извештаи и анализи укажуваат на предизвици во нејзината имплементација, што се рефлектира и во забелешките на Комитетот за правата на детето (КПД) од 2022 година.

## 1. Устав на РСМ

Уставот на РСМ ја утврдува основната правна рамка преку која државата се обврзува да ги заштити најранливите категории, меѓу кои и децата. Тој гарантира право на безбеден и здрав развој на децата и обврска на институциите за заштита на децата од насилство, злоупотреба и експлоатација.

## 2. Кривичноправна заштита на децата од сексуално насилство

**Кривичниот законик (КЗ)**[66] на Република Северна Македонија обезбедува комплексна правна рамка за заштита на децата од сексуално насилство, злоупотреба и експлоатација. Децата претставуваат ранлива категорија која бара засилена правна заштита, а законодавецот го обезбедува тоа преку посебни одредбиза кривични дела против

[66] („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.36/23 и 188/23)

половата слобода и половиот морал , построги казни за сторителите на вакви дела .. Основните цели на овие одредби се:

- заштита на телесниот и психички интегритет на детето;
- превенција од сексуална злоупотреба и експлоатација;
- казнување на сторителите со особена тежина кога жртва е дете.

➢ <u>Полов напад и силување (член 186)</u>

Кривичното дело дефинира основна форма на сексуален напад, кој се карактеризира со:

- вршење полов однос или друго полово дејство спротивно на волјата на жртвата;
- можност за вршење на дејствието врз трето лице или само-злоупотреба на жртвата.

Специфичности кога жртва е дете:

- Дете жртва над 15 години: казна затвор најмалку 3 години.
- Примена на сила, закана или уцена: казна 3–10 години; ако жртвата е дете над 15 години – најмалку 8 години.
- Тешки последици (смрт, телесна повреда, суровост, групно извршување): казна најмалку 10 години или доживотен затвор.

➢ <u>Полова злоупотреба на немоќно лице (член 187)</u>

Кривичното дело го санкционира искористувањето на состојбата на немоќ на лицето – физичка, ментална, интелектуална или психичка.

Клучни одредби за деца жртви:

- Дете жртва над 15 години: минимална казна 8 години затвор.
- Употреба на сила или закана: најмалку 10 години затвор.
- Тешки последици или суров начин на извршување: најмалку 10 години или доживотен затвор.

➢ <u>Силување на дете кое не наполнило 15 години (член 188)</u>

Секој полов однос или со него изедначено дејствие со дете под 15 години се смета за силување, без оглед на согласноста на детето.

Клучни точки:

- Основна казна: најмалку 8 години затвор.
- Сила, закана или немоќност: најмалку 10 години.
- Тешки последици, групно извршување, особено суров или понижувачки начин, или омраза: најмалку 10 години или доживотен затвор.

➢ <u>Обљуба со злоупотреба на положбата (член 189)</u>

Кривичното дело санкционира секое злоупотребување на авторитет, доверба или зависност за вршење полови дејства врз деца.

Примери на можни сторители:

- наставници, воспитувачи, лекари, старатели, роднини и др.

Казни:

- Дете над 14 години: минимално 10 години затвор.
- Судот изрекува забрана за вршење професија или дејност.

➢ <u>Задоволување на полови страсти пред друг (член 190)</u>

Кривичното дело го санкционира експонирањето на сексуално однесување пред деца.

Клучни одредби:

- Пред дете под 14 години: затвор најмалку 4 години.
- Пред дете над 14 години: затвор 3–8 години.

➢ <u>Полово вознемирување (член 190-а)</u>

Кривичното дело е насочено кон вербално, невербално, физичко и електронско сексуално вознемирување, со посебна заштита за:

- деца и лица во зависен или ранлив однос;
- лица со попреченост, болест или други физички/психички пречки.

Казни:

- Општа форма: парична казна или затвор до 1 година.
- Кога жртвата е ранлива: затвор 6 месеци – 3 години.

- <u>Посредување во вршење проституција (член 191)</u>

Санкционира врбување, поттикнување или организирање на проституција, особено кога жртви се деца.

Казни:

- Основна: 5–10 години затвор.
- Организирање или вршење при семејно или родово насилство: најмалку 10 години.

- <u>Прикажување на порнографски материјал на дете (член 193)</u>

Кривичното дело се однесува на изложување на порнографија на деца, како и учество на деца во порнографски материјали.

Клучни одредби:

- Дете под 14 години: затвор 6 месеци – 3 години.
- Злоупотреба за изработка на порнографија: 4–10 години, во зависност од возраста и последиците.

- <u>Производство и дистрибуција на детска порнографија (член 193-а)</u>

Клучни одредби:

- Производство, дистрибуција, нудење или поседување: најмалку 5–8 години затвор.
- Преку компјутерски систем или медиуми: најмалку 8 години.

- <u>Намамување на обљуба или друго полово дејствие на дете (член 193-б)</u>

Тој што преку компјутерско-комуникациски средства со закажување средба или на друг начин намамува дете кое не наполнило 14 години на обљуба или друго полово дејствие или на производство на детска порнографија и ако со таквата намера е остварена непосредна средба со малолетникот, ќе се казни со затвор од една до пет години.

Дополнително, важно е да го споменеме и **Законот за посебен регистар на лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела за сексуална злоупотреба на деца и**

**педофилија**[67], донесен во 2012 година, кој овозможува јавно пребарлив регистар на лицата осудени за одредени кривични дела против децата.

# 3. Законодавство за системска заштита на детето

Покрај кривично-правната заштита Република Северна Македонија има воспоставено законска рамка која го регулира системот за превенција, заштита и поддршка на деца-жртви, со цел да се обезбеди нивниот психофизички интегритет и најдобар интерес.

## 3.1. Законот за правда за децата

**Законот за правда за децата (ЗПД)**[68] предвидува сеопфатен систем на посебни права и мерки на процесна заштита за децата жртви и сведоци во кривичните постапки, со цел да се спречи секундарна виктимизација и да се обезбеди заштита на нивниот психофизички интегритет и најдобар интерес.

Согласно член 170, детето жртва има право на посебни мерки на процесна заштита при давањето исказ и испитувањето во сите фази на постапката, при што ова право се задржува и доколку детето наполни 18 години за време на траењето на постапката. Судот има обврска задолжително да определи посебна мерка на процесна заштита кога детето има потреба од посебна грижа и заштита, како и во случаи кога детето е жртва на трговија со деца, сексуална злоупотреба или кривични дела против човечноста и меѓународното право. Дополнително, по оцена на судот, вакви мерки може да се применат и во случаи на насилство и други кривични дела сторени врз деца.

Законот посебно ја нагласува важноста на користењето на видео и аудио записи при земањето исказ од детето, кои служат како доказ во понатамошната постапка, со што се ограничува бројот на повторни испитувања. Повторно испитување на детето жртва е

---

[67] Закон за посебен регистар на лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела за сексуална злоупотреба на деца и педофилија (Службен весник на РСМ, бр. 11/2012 од 24.01.2012 година)
[68] Закон за правда за децата (Службен весник на РСМ, бр. 66 од 20.3.2024 година)

дозволено исклучително и најмногу уште еднаш, само доколку тоа е во најдобар интерес на детето и доколку се појават нови околности. Судот, јавното обвинителство и полицијата се должни навремено да го информираат детето за овие права, а истите се применуваат и за децата сведоци.

Во член 171 се утврдени конкретни посебни мерки на процесна заштита кои може да ги определи судот, вклучително и користење заштитни екрани, прикривање на идентитетот или изгледот на детето, давање исказ преку видеоконференција, исклучување на јавноста, отстранување на судските тоги и капи, земање исказ со посредство на стручно лице, употреба на посебни технички средства за комуникација, како и мерки за заштита на приватноста на детето и неговото семејство.

Член 172 воведува значајно институционално барање, според кое судиите, јавните обвинители и полициските службеници можат да постапуваат во предмети во кои детето се јавува како жртва само доколку поседуваат најмалку десет години знаење и искуство од областа на правата на детето и кривично-правната заштита на децата. Оваа одредба има за цел да обезбеди стручно, чувствително и професионално постапување со децата во постапката.

Понатаму, член 173 пропишува обврска за сите органи вклучени во постапката да преземаат мерки за помош и заштита на детето жртва и да постапуваат на начин кој ќе ги минимизира можните штетни последици врз неговата личност и развој. Постапките во кои детето е жртва се определени како итни, а јавноста задолжително се исклучува при репродукција на снимки од исказот или при примена на други посебни мерки на процесна заштита. Законот експлицитно наложува исказот на детето да се зема на начин што нема да влијае штетно врз неговиот психофизички развој, при што бројот на испитувања мора да се сведе на нужно потребниот минимум.

Конечно, член 174 воспоставува апсолутна забрана за соочување меѓу детето и осомничениот или обвинетиот во случаи на трговија со деца, насилство, сексуална злоупотреба, кривични дела против човечноста и меѓународното право, како и во други случаи кога поради природата на делото или психичката состојба детето се смета за особено чувствително. Оваа одредба претставува клучна гаранција за заштита на достоинството, безбедноста и психичката стабилност на детето жртва или сведок.

## 3.2. Други клучни закони за системска заштита на децата

- **Закон за заштита на децата**[69] – го дефинира правото на детето да биде заштитено од злоупотреба и занемарување.

- **Закон за семејството**[70] – ја утврдува одговорноста на родителите и државата да ги заштитат децата од злоупотреба и занемарување и предвидува мерки за одземање на родителски права кога е загрозен развојот на детето.

- **Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство**[71] (2021) – иако главно е фокусиран на родово засновано и семејно насилство, претставува значаен елемент на заштита и за децата, особено кога насилството се случува во семејна средина или преку родител.

---

[69] Закон за заштитата на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22 и 17/25)

[70] Закон за семејството („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 53/21, 199/23 и 192/25)

[71] Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/21 и 39/25)

- **Законот за социјалната заштита**[72] – воспоставува систем за услуги од итна интервенција, сместување и поддршка на деца-жртви на трговија со луѓе и сексуална експлоатација.

- **Закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство**[73] – овозможува државна компензација на жртви на сериозни кривични дела, вклучително и деца-жртви на сексуално насилство.

## 3.3. Национални стратегии и акциски планови

Во 2025 година беше усвоен **Национален акциски план за правата на децата (2025–2029)**[74], кој претставува стратешка рамка за унапредување на системската заштита на децата од сите форми на насилство, вклучително и сексуалната злоупотреба и експлоатација. Акцискиот план ја потенцира потребата од зајакнување на превентивните механизми, развој на услуги прилагодени на децата и подобрување на меѓуресорската координација.

Во Северна Македонија постојат повеќе официјални документи и меѓусекторски протоколи кои регулираат постапување со деца жртви на различни облици на злоупотреба и насилство, вклучително и сексуално насилство[75]:

## 3.4. Меѓусекторски протоколи за постапување со деца-жртви

[72] Закон за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23)
[73] Закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 247/2022)
[74] Достапно на: https://www.google.com/search?client=firefox-b-d&q=%D0%9D%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD+%D0%B0%D0%BA%D1%86%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B8+%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D0%BD+%D0%B7%D0%B0+%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B0%D1%82%D0%B0+%D0%BD%D0%B0+%D0%B4%D0%B5%D1%86%D0%B0%D1%82%D0%B0+
[75] https://cms.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx

- **„Протокол за соработка меѓу надлежните институции во случаи на сексуална злоупотреба на деца и педофилија“** — дел од официјалните документи на Министерството за социјална политика, демографија и млади во Северна Македонија. Овој протокол предвидува меѓусекторска соработка помеѓу надлежните институции при случаи на сексуална злоупотреба, како и мерки за заштита и поддршка на детето-жртва.
- **„Протокол за постапување во процесот на превенција и заштита на децата од злоупотреба и занемарување“** — важен документ кој ги дефинира оперативните чекори за превенција, идентификација и поддршка за деца жртви на различни форми на злоупотреба.
- **„Протокол за постапување на меѓусекторскиот тим за заштита на деца жртви на злоупотреба, занемарување и насилство“** — наведува улоги и одговорности на секој субјект вклучен во заштита на детето и предвидува механизми за координирана интервенција.

## 4. Заклучок

Иако Северна Македонија има воспоставено формална, нормативна и процедурална рамка за постапување со деца – жртви на сексуално насилство, нејзината практична примена останува ограничена и нерамномерна. Протоколите што ги уредуваат постапките за 4. идентификација, упатување, заштита и поддршка на децата-жртви обезбедуваат јасна формална основа, меѓутоа во пракса тие често не се доследно применувани[76], особено поради недоволни човечки и стручни капацитети, ограничена специјализација на професионалците и недоволна координација помеѓу надлежните институции.

Законодавството на Северна Македонија обезбедува солидна основа за заштита на децата од сексуално насилство – со јасно дефинирани кривични дела, постоечки институции и процедури, и усогласеност со меѓународни стандарди.

Клучниот предизвик е ефективната примена. За да се реализира правото на детето да биде ослободено од сите форми на насилство, неопходно е:

- системско спроведување на законите и протоколите,
- континуирана едукација и специјализација на професионалците,
- воспоставување јасни стандарди на постапување,
- засилена меѓусекторска координација, и
- транспарентно собирање и анализа на податоци.

Само со овие мерки може да се обезбеди доследна заштита на децата, како што препорачува Комитетот за правата на детето.

[76] Истражување за родово базирано насилство, достапно на: https://rolaw.mk/mk/policy-briefs-from-the-publication-a-safer-future-advancing-gender-based-violence-prevention-through-professional-training-in-north-macedonia



# 4. Состојба и третман на децата жртви на сексуално насилство во Северна Македонија

За потребите на анализата беше изготвен и доставен прашалник до 30 центри за социјална работа, 8 сектори за внатрешна работа на МВР, општи болници, клинички центри, судови, јавните обвинителства, адвокати и граѓански организации кои работат со деца жртви на сексуално насилство. Прашалникот се однесуваше на периодот 01.01.2020 – 31.12.2024, а добиените податоци се анализирани и образботени во овој документ.

Одговори беа добиени од сите 8 сектори за внатрешна работа на МВР, од 25 ЈУ МЦСР[77], 23 судови, 19 јавни обвинителства, 6 здравствени установи, 6 граѓански организации и од Комисијата за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство.

## 4.1. Министерство за внатрешни работи

Податоците доставени од сите осум Сектори за внатрешни работи за периодот 2020–2024 година укажуваат на постојаното присуство на оваа појава и потребата од системски одговор и унапредување на заштитните механизми.

Во наведениот петгодишен период, евидентирани се вкупно **508 случаи** на сексуална злоупотреба на деца за кои е отворен предмет во МВР. Најчесто пријавуваните кривични дела вклучуваат:

- **Силување на дете кое не наполнило 15 години (чл. 188)** – со вкупно **186 случаи**, ова кривично дело е најчесто евидентирано, што укажува на особено високо ниво на ризик кај децата во пубертетска возраст.

---

[77] Не е доставен одговор од ЈУ ЦСР Струга, ЈУ МЦСР Охрид, ЈУ ЦСР Гостивар, ЈУ МЦСР Тетово и ЈУ МЦСР Гевгелија

- **Полов напад и силување (чл. 186)** – со **99 случаи**, што ја рефлектира сериозноста на проблемот со полови напади и сексуално насилство.
- **Вонбрачен живот со дете (чл. 197)** – со **96 случаи**, што укажува на распространетост на незаконски сексуални односи со деца, често под превезот на „врска“ или „заеднички живот“.

Останатите дела, како што се **полово вознемирување**, **прикажување на порнографски материјали**, **производство и дистрибуција на детска порнографија**, и **родоскрвнавење**, се пријавуваат во помал број, но сепак претставуваат сериозни форми на злоупотреба кои често остануваат скриени или ненадлежно пријавени.




Значајно е што делото **полово вознемирување (чл. 190-а)** е пријавено дури **30 пати**, при што е забележлив пораст од 2022 година наваму, што може да укажува на зголемена свесност и спремност за пријавување на овие облици на насилство.

Од евидентираните **508** жртви:

- **455 се девојчиња (≈89,6%)**
- **53 се момчиња (≈10,4%)**




Иако сексуалната злоупотреба на деца главно ги засега девојчињата, податоците потврдуваат дека и момчињата се жртви, при што е можно реалниот број на машки жртви да е поголем поради потешкотиите за пријавување поради срам, стигма и социјални норми.

Деталната анализа по возраст покажува дека најголем број од жртвите се:

- На возраст од **11–13 години** – **153 случаи**
- На возраст од **14–15 години** – **139 случаи**

Овие две возрасни категории сочинуваат **над 57%** од сите жртви, што укажува на особена ранливост на децата од оваа возраст. Овој податок кореспондира со зголемениот ризик од онлајн злоупотреба, изложеност на штетна содржина, и зголемена самостојност кај адолесцентите.

Случаи на сексуална злоупотреба се евидентирани и кај деца под 10 години, вклучително и едно дете на возраст **0–3 години**, што претставува алармантна состојба која бара итна интервенција и засилена превенција.

**Во однос на етничката припадност,** најголем број од жртвите се:

- Македонци – 245,
- Роми – 145
- Албанци – 55.

Посебно загрижувачка е високата застапеност на ромските деца, кои сочинуваат **над 28%** од сите жртви, иако не сочинуваат толкав дел од вкупната популација. Ова упатува на потребата од целни програми за превенција и поддршка во ромските заедници, како и работа на подигање на свеста и зголемување на довербата во институциите.

Најчести пријавувачи на случаите се родители/старатели и медицински установи. Овие податоци покажуваат дека во повеќето случаи, случајот се открива по медицински преглед или преку довербена релација со родителот. Ретки се случаите кога пријавувањето доаѓа од образовни институции или центри за социјална работа, што укажува на потреба од засилување на едукативната и заштитната улога на училиштата и ЦСР.

Во најголем број случаи, жртвата дава исказ само еднаш, но има и случаи кога детето е повторно повикувано да сведочи, што носи висок ризик од секундарна виктимизација. Ова укажува на неопходноста од:

- Употреба на форензичко интервјуирање во работата со жртви
- Обезбедување на соодветна аудио-визуелна опрема
- Спроведување на испрашување во присуство на обучен тим, ОЈО и ЦСР, со цел да се минимизираат трауматските ефекти.

*Предизвици во постапувањето на полицијата*:

- Немање соодветни простории за испрашување на деца-жртви.
- Недостаток на обучен кадар – голем дел од полицајците немаат обука за пристап кон деца кои се жртви на сексуално насилство.
- Недостиг од стандардизирана пракса за еднократно интервјуирање.
- Недоволна институционална координација.

- Стигма, страв и недоверба кај жртвите и нивните семејства, кои често одбиваат да соработуваат поради срам или страв од одмазда.

За подобрување на полициските постапки, потребно е:

- Обука на полициски службеници за работа со деца-жртви, со фокус на психолошка прва помош, форензичка комуникација и техники за интервјуирање без дополнителна трауматизација на децата жртви.
- Обезбедување опремени простории со видео-снимање и можност за присуство на стручни лица.
- Јакнење на меѓуинституционалната соработка, особено со ЦСР, здравствените установи и обвинителството.
- Воспоставување на СОС телефонска линија и доверливи механизми за пријавување.

### *Предлози за системско подобрување:*

- Формирање мултидисциплинарни тимови составени од полицајци, психолози, социјални работници и обвинители кои ќе постапуваат во координирана форма.
- Долгорочна психолошка поддршка за жртвите и нивните семејства, која треба да продолжи и по завршување на предистражната постапка.
- Зголемени казни за сторителите на кривични дела против половата слобода на деца.
- Спроведување на едукациски и превентивни програми во училиштата и заедницата.

*Заклучок*

Податоците од Министерството за внатрешни работи за периодот 2020–2024 година потврдуваат дека сексуалната злоупотреба на деца претставува сериозен и континуиран проблем кој бара сеопфатен и координиран институционален одговор. Анализата укажува на висока застапеност на случаи кај адолесцентите, изразен родов дисбаланс во однос на жртвите, како и на посебна ранливост на одредени групи деца. Истовремено, идентификуваните предизвици во полициското постапување, како што се недостаток на соодветна инфраструктура, обучен кадар и стандардизирани процедури, укажуваат на потребата од понатамошно јакнење на институционалните капацитети и меѓуинституционалната соработка. Во таа насока, неопходно е системско унапредување на превентивните механизми, заштитата на жртвите и обезбедување пристап до услуги прилагодени на децата, со цел намалување на ризикот од секундарна виктимизација и обезбедување поефикасна заштита на децата.

## 4.2. ЈУ Меѓуопштински центри за социјална работа

Ова поглавје дава преглед на карактеристиките на децата жртви на сексуално насилство, врз основа на податоци добиени од Меѓуопштинските центри за социјална работа. (МЦСР)

МЦСР, како значаен дел од системот на социјална заштита, имаат клучна улога во процесот на идентификација, заштита и поддршка на деца кои преживеале сексуално насилство. Нивната работа опфаќа процена на ризик, изработка на индивидуални планови за заштита, интервенции, упатување кон здравствени и психосоцијални услуги и координација со правосудните и полициските органи.

За потребите на ова истражување беше подготвен прашалник за МЦСР со цел да се добие увид во нивните практики, предизвици и капацитети поврзани со постапувањето во случаи на сексуално насилство врз деца. Од вкупно 30 доставени прашалници, добиени се 25 одговори, што претставува висок одзив и обезбедува солидна основа за анализа и извлекување заклучоци.

*Кадар и професионални капацитети*

Поголемиот дел од центрите пријавуваат дека располагаат со стручен кадар, најчесто составен од психолог и социјален работник кои постапуваат по потреба. Значаен недостиг е идентификуван во делот на специјализирана обука:

- Повеќето професионалци имаат обука за работа со деца-жртви на **трговија со луѓе**, но немаат специфична обука за работа со деца-жртви на сексуална злоупотреба.Специјализираната обука што постои е обезбедена од Заводот за социјални дејности,.[78], Академијата за судии и јавни обвинители[79] и од МСПДМ[80].

[78] ЈУ МЦСР Свети Николе, ЈУ МЦСР Битола, ЈУ МЦСР Струмица
[79] ЈУ МЦСР Берово
[80] ЈУ МЦСР Берово

### *Услуги и сместување*

Кога е потребно сместување, децата најчесто се упатуваат во:

- згрижувачки семејства,
- мали групни домови,
- Здружението „Отворена Порта – Ла Страда“ Скопје или
- кај блиски роднини.

  Ова укажува на ограничени институционални опции за итна и специјализирана заштита, како и на недостиг од сместувачки капацитети со посебно обучен кадар. Податокот ја истакнува потребата од воспоставување безбедни, стручни и специјализирани сместувачки капацитети за децата.

Во однос на **обем на случаи и демографски карактеристики**, презентираните податоци покажуваат:

- Секоја година има значителен број на пријавени случаи, со растечка динамика во одредени периоди.
- Поголемиот дел од жртвите се девојчиња.
- Најзастапена возраст е од 11 до 15 години, што укажува на ранливост во периодот на рана и средна адолесценција.
- По етничка припадност, најголем број жртви се од македонска и ромска етничка припадност, што отвора прашања за социоекономски и културни фактори во ризикот и пријавувањето.

### *Институционална соработка и постапување*

Протоколот за соработка меѓу надлежните институции во случаи на сексуална злоупотреба на деца и педофилија, , не се користи од сите МЦСР, а дел од вработените дури и не се запознаени со него.

Соработката со институциите се оценува различно, но одговорите укажуваат на:

- најголеми предизвици во координацијата со Јавно обвинителство и Суд,
- солидна соработка со полиција,
- повремена поддршка од образовни и здравствени институции.

Според одговорите центрите имаат воспоставено стандардизирана процедура за интервјуирање и работа со децата, со цел да се обезбеди нивна заштита и да се минимизира ризикот од дополнителна траума. Сепак, во пракса нотирани се следните предизвици:

- Недостаток на специјални простории за разговор, кои би овозможиле приватност, чувство на сигурност и поудобна средина за детето;
- Повторно сослушување на деца, што создава ризик од повторна виктимизација и дополнителен психолошки стрес. Само четири центри (Битола, Велес, Дебар и Струмица) одговорија дека детето жртва се сослушува само еднаш. Дел од останатите како причина за повеќекратното сослушување на детето најчесто наведоа дека е немањето посебна просторија за сослушување и Недоволно ресурси обучен кадар од страна на сите институции;

  Недоволна информираност на децата и семејствата за текот и исходот на судските постапки, што создава забуна и работни пречки за професионалците.

*“Секоја институција одделно врши разговор со детето“*, ЈУ МЦСР Кочани

*“Во пракса детето жртва дава 2 и повеќе пати исказ, се зазвисно од случај до случај. Се случува детето да биде сослушувано во СВР или ЦСР, потоа во ОЈО“*, ЈУ МЦСР Куманово

*“На разговорот во полициска станица присуствуваат претставници на ЦСР, бранител на детето, инспектори од МВР, родител/старател.*
*Во ОЈО присуствува детето, родителот/старателот, бранителот на детето, бранител на сторителот и доколку е поканет претставник на ЦСР.*
*Во Суд не би требало да се сослушува детето и да се повикува да дава исказ, но не сме биле поканети досега*.“, ЈУ МЦСР Скопје

Овие наоди укажуваат дека и покрај воспоставените процедури, потребни се:
- дополнителни ресурси,
-подобрување на информираноста на децата и семејствата, и
-адаптација на просторните и организациските услови.

### 4.2.1. Предизвици и препораки

Центарите идентификуваа низа меѓусебно поврзани предизвици што го отежнуваат ефективното обезбедување заштита на децата:

- **Недостаток на човечки и стручни ресурси** -= недоволен број обучени професионалци (социјални работници, психолози, педагози, правници) кои би работеле исклучиво со деца жртви и нивните семејства;
- **Недоволни инфраструктурни и материјални капацитети** - недостиг на посебни простории за интервјуа, сместувачки капацитети, возила, средства за комуникација и опрема за видео-снимање;
- **Ниска професионална подготвеност и сензитивност -** некоординирано постапување, недостаток на обуки за работа со жртви на траума непостоење на стандарди за селекција на стручните лица ;
- **Долги и неефикасни постапки** - бавна работа на обвинителствата и судовите, непочитување на временски рокови, ниски казни ;
- **Недоволна меѓуинституционална соработка -** слаба координација меѓу ЦСР, МВР, ОЈО, Суд и други релевантни институции ;
- **Стигматизација и јавен притисок** сензационални наслови во медиумите за пријави без информации за исходот, како и социјална стигма за жртвите.

#### *Предлози за подобрување на заштитата на децата-жртви*

За поефикасна заштита и поддршка на децата, центрите истакнуваат следни потреби:

- **Комплетиран и специјализиран тим -** психолози, социјални работници, педагози, правници со континуирани обуки вклучително супервизија и грижа за ментално здравје на персоналот ;
- **Адекватни простории и ресурси** - опремени и безбедни простории за интервјуа, сместувачки капацитети, средства за комуникација и видео-снимање;
- **Обуки и развој на професионалци** обуки за постапување со деца-жртви, психосоцијална поддршка, техники за интервјуа, работа со семејства, вклучително и размена на искуства на национално и меѓународно ниво;

- **Мултисекторска координација** - редовни состаноци и размена на информации со МВР, ОЈО, Суд, здравствени и образовни установи;
- **Локални ресурси и поддршка -** советувалишта, засолништа и фондови за финансиска помош за жртви;
- **Јавно информирање и превенција: -** подигнување јавна свест, медиумско промовирање на казни за сторителите, работа со семејства и рана едукација на деца за ризиците од сексуална злоупотреба.

### *Неусогласеност во институционалната евиденција на случаи*

Според податоците од прашалниците, бројот на евидентирани случаи на сексуално насилство врз деца[81] е значително помал од бројот пријавен од МВР за истиот период (2020–2024 година). Делумно тоа се должи нè недобивање на одговори од некои центри (ЈУ ЦСР Струга, ЈУ МЦСР Охрид, ЈУ ЦСР Гостивар, ЈУ МЦСР Тетово и ЈУ МЦСР Гевгелија) , како и на ненаведување на конкретни бројки во одговорот на ЈУ МЦСР Штип.

Разликата укажува на системски јаз:

- Не сите случаи ефикасно стигнуваат до социјалните служби;
- Постојат разлики во критериумите за евиденција;
- Можни пропусти во известувањето.

Од друга страна, податоците од МВР потврдуваат континуирано присуство на сексуално насилство врз деца, (508 случаи за кои е отворен предмет или започната кривична постапка), што ја истакнува потребата од:

- Унапредување на меѓуинституционалната координација,
- Унифицирање на методологијата за евиденција ;
- Обезбедување навремена поддршка за жртвите.

[81] Од добиените одговори во ЈУ МЦСР евидентирани се 258 деца жртви на сексуално насилство за период 2020-2024 од кои 228 се девојчиња и 30 момчиња

*Заклучок*

Податоците од Меѓуопштинските центри за социјална работа ја потврдуваат клучната улога на овие институции во заштитата и поддршката на деца-жртви на сексуално насилство. И покрај воспоставените процедури и стручен кадар, постојат сериозни предизвици, вклучувајќи недостиг од специјализирана обука, ограничени ресурси и инфраструктура, нееднаква меѓуинституционална соработка и ризик од секундарна виктимизација. Разликите во евиденцијата со МВР укажуваат на системски јаз и потреба од унифицирани методологии. За поефикасна заштита на децата неопходно е засилување на мултидисциплинарната координација, обезбедување специјализирани простории и ресурси, континуирана обука на професионалците и стандарди за безбедно и еднократно сослушување на жртвите.

## 4.3. Здравствени установи

Прашалникот доставен до здравствените установи имаше за цел да се согледа состојбата во здравствениот систем од аспект на достапноста на услуги, постоењето на стручен и специјализиран кадар, примената на протоколи и стандарди, интерсекторската соработка и идентификуваните предизвици во третманот и поддршката на децата-жртви на сексуална злоупотреба.

И покрај испратените прашалници до релевантни јавни здравствени установи, одговори беа добиени од вкупно **шест здравствени установи**, што претставува сериозно ограничување за донесување општи и репрезентативни заклучоци на национално ниво. Сепак, добиените одговори овозможуваат квалитативен увид во начинот на функционирање на здравствениот систем во вакви чувствителни случаи и укажуваат на повторливи системски слабости.

### *Кадар и организациски капацитети*

Од одговорите произлегува дека здравствените установи **формално располагаат со одреден стручен кадар**, но во најголем број случаи **не постојат специјализирани тимови** за работа со деца-жртви на сексуална злоупотреба. Медицинските прегледи најчесто ги врши дежурен специјалист (најчесто гинеколог), а психолошка поддршка се обезбедува само доколку е можно и потребно , без јасни процедури.

Овој пристап е **реактивен**, а не системски и проактивен, спротивно на принципите на детски чувствителен и мултидисциплинарен пристап.

### *Протоколи, стандарди и интерсекторска соработка*

На национално ниво постои **Протокол за соработка меѓу надлежните институции во случаи на сексуална злоупотреба на деца и педофилија**, но неговата примена во пракса е

**нецелосна и нерамномерна**. Дел од установите немаат интерни протоколи или јасно дефинирани процедури за итна и долгорочна медицинска и психолошка поддршка.

Соработката со други институции (центри за социјална работа, полиција, обвинителство и судови) формално е препознаена како неопходна, но во пракса е **ограничена и условена од конкретниот случај**, што создава ризик од фрагментиран пристап и дополнителна виктимизација.

### *Центри за упатување на жртви на сексуално насилство*

Во Северна Македонија функционираат **Центри за упатување на жртви на сексуално насилство**, кои обезбедуваат интегриран пристап преку медицинска, психо-социјална и правно-безбедносна поддршка. Услугата за заштита и поддршка на деца-жртви на сексуално насилство и силување се врши во рамките на Центарот за упатување на жртви на сексуално насилство. Во центарот може да се обезбеди интегриран и целосен пристап за жртвите на сексуално базирано насилство преку идентификација, проценка, медицински преглед, психолошка кризна поддршка и упатување на детето до соодветни услуги, согласно Стандардната оперативна процедура за обезбедување на сеопфатен мултисекторски пристап во Центрите за упатување на жртвите на сексуално насилство.

Центарот претставува безбедно место каде децата-жртви можат да се пријават или да бидат упатени од институции и каде можат да добијат потребни здравствени, психо-социјални и правно-безбедносни услуги на едно место, во доверлива и сигурна средина, согласно препораките на релевантни меѓународни стандарди.

**Постојат три јавни здравствени установи кои на територијата на Северна Македонија ја обезбедуваат оваа услуга: ЈЗУ Општа болница Куманово, ЈЗУ Клинички центар Тетово и ЈЗУ Универзитетска клиника Скопје.** Овие установи се лоцирани во Скопје, Куманово и Тетово и покриваат случаи од целата држава. Одговори на прашалникот беа добиени од ЈЗУ Универзитетска клиника Скопје и ЈЗУ КЦ Тетово.

Иако овие центри претставуваат значаен исчекор кон системски и детски ориентиран пристап, анализата покажува дека тие се соочуваат со **ограничувања во капацитетите, нормативите, пристапноста и видливоста на услугата**. Недостасуваат јасни годишни планови, систематска евалуација на ефективноста, механизми за поплаки и активно информирање на заедницата. Дополнително, бројот на деца-корисници е минимален, што укажува на недоволно користење на постојните ресурси.

### *Предизвици и системски слабости*

Како клучни предизвици, здравствените установи ги издвојуваат:

- недостаток на специјализиран кадар,
- недоволна интерсекторска координација,
- недостиг од стандардизирани процедури,
- недоволна заштита на приватноста и достоинството на детето,
- стигматизација и страв кај семејствата.

Овие наоди покажуваат дека, и покрај постоењето на законска и протоколарна рамка, **здравствениот систем сè уште нема доволно капацитет да обезбеди целосна, континуирана и детски чувствителна заштита** за децата-жртви на сексуална злоупотреба.

*Заклучок*

Сумирано, може да се заклучи дека улогата на здравствените установи во заштитата на децата-жртви на сексуална злоупотреба е **формално дефинирана, но суштински слабо операционализирана**. Малиот број добиени одговори дополнително укажува на ниско ниво на институционална вклученост и приоритетност на ова прашање, што ја нагласува потребата од јакнење на капацитетите, јасна одговорност и системска примена на постојните протоколи.

Севкупно, може да се оцени дека здравствениот систем во Северна Македонија во моментов **не ја исполнува во целост својата стратешка улога** во заштитата на децата-жртви на сексуална злоупотреба. Иако постои нормативна рамка и поединечни позитивни практики, тие не се доволни за да се надминат системските слабости, недостигот од капацитети и недоволната координација.

Без јасна институционална одговорност, задолжителна обука, функционални мултидисциплинарни тимови и континуирана евалуација на услугите, постои сериозен ризик здравствениот сектор да остане **најслаба алка во синџирот на заштита**, наместо активен и доверлив партнер во обезбедувањето на правата и добросостојбата на децата-жртви.

## 4.4. Правосудни органи и други стручни актери

### 4.4.1. Судови

Прашалникот до судовите опфаќаше информации и податоци за преземени мерки во однос на децата-жртви на сексуална злоупотреба. Одговор беше добиен од 23 судови.

*Времетраење на судските постапки и примена на заштитни мерки*

Поголемиот дел од судовите информираат дека судските постапки по предмети поврзани со сексуална злоупотреба на деца вообичаено се завршуваат во рок пократок од шест месеци. Исклучок претставуваат Основниот кривичен суд Скопје и Основниот суд Битола, каде што времетраењето на постапките најчесто изнесува од шест до дванаесет месеци и Основен суд Кавадарци каде постапката може да трае и до 2 години.

Во речиси сите судови се применуваат посебни мерки за заштита на детето-жртва, освен во Основен суд Крушево и Основен суд Кратово.

Сите судови обезбедуваат заштита на детето-жртва од директен контакт со обвинетото лице.

*Сослушување на детето-жртва во судската постапка*

Во однос на сослушувањето на детето-жртва, речиси сите судови што доставиле одговори наведуваат дека детето дава исказ само еднаш во текот на постапката, во согласност со начелото на минимизирање на секундарната виктимизација. Сепак постојат исклучоци. Основниот суд Штип посочува дека во одредени случаи детето-жртва дава исказ повеќе пати – во полициска станица, пред јавен обвинител и пред вешто лице во рамките на постапка за вештачење. Како клучен предизвик, овој суд ја истакнува потребата од ефективна заштита на детето-жртва од директен распит во судница.

Основниот кривичен суд Скопје информира дека во поединечни предмети детето-жртва било сослушано двапати пред јавен обвинител, поради појава на нови осомничени лица, како и во случаи кога при првото сослушување не биле исполнети законските услови за валидност на исказот. Основниот суд Битола наведува дека детето-жртва се испитува

еднаш во полициска станица и еднаш пред јавен обвинител, при што исказот се снима, а снимената изјава се користи како доказ во текот на судската постапка.

### *Клучни предизвици во судските постапки*

Судските постапки за заштита на децата-жртви на сексуална злоупотреба во Северна Македонија се соочуваат со повеќе сериозни предизвици:

- Ризик од секундарна виктимизација - кој произлегува од начинот на сослушување на детето и честите прекини или одложувања на рочиштата.
- Недоволните простории и технички услови - го отежнуваат обезбедувањето безбедна и прилагодена средина за сослушување на детето.
- Ограничената екипираноста на центрите за социјална работа и јавните обвинителства го намалува капацитетот за обезбедување соодветна поддршка на детето.
- Начинот на испитување, како и недостатокот на континуитет на рочиштата и присуството на сите релевантни сведоци дополнително ја зголемуваат потенцијалната траума за детето-жртва.
- Недоволна формална психолошка поддршка, како и техничките недостатоци при снимањето на исказот
- Неефикасна меѓуинституционална соработка.

### *Препораки за унапредување на судската заштита на децата-жртви*

За унапредување на заштитата, потребно е:

• Обезбедување специјално опремени простории за сослушување на детето и целосно видео-снимање на исказот – Ова овозможува детето да дава исказ во безбедна и прилагодена средина, го намалува стресот и овозможува исказот да се користи повеќекратно без потреба од повторно сослушување.

• Примена на заштитни мерки во сите фази на постапката – Доследната примена на мерките обезбедува континуирана заштита на детето, спречува директна и индиректна трауматизација и ја зајакнува довербата во системот.

• Континуитет на рочиштата и присуство на сите релевантни сведоци – Ова придонесува за пократки и поефикасни постапки, го намалува повторното изложување на детето на стрес и спречува одолговлекување на процесот.

• Обезбедување квалитетна психолошка поддршка за детето – Психолошката поддршка помага во намалување на траумата, ја зајакнува емоционалната стабилност на детето и овозможува посоодветно учество во постапката.

• Едукација на судии, јавни обвинители, социјални работници и други професионалци за соодветен пристап кон децата-жртви – Подобрените знаења и вештини овозможуваат посензитивен и професионален третман, што директно влијае врз квалитетот на постапката и заштитата на детето.

• Развивање на вон-институционални методи за активно вклучување на децата во постапката – Ова придонесува за поголемо чувство на сигурност и учество кај детето, како и за развој на доверба и позитивни вредности во однос на институциите.

• Забрзување на судските постапки и секојдневно одржување на рочишта – Ова значително ја намалува должината на изложеност на детето на стрес, спречува пролонгирана траума и обезбедува поефикасна и навремена правда.

*Заклучок:*

Иако дел од судовите формално обезбедуваат навремено постапување и применуваат основни заштитни мерки, анализата укажува на сериозна неуедначеност и недоследност во практиката. Продолженото времетраење на постапките во одредени судови, како и повторното сослушување на децата-жртви, укажуваат на недоволна примена на принципот на заштита од секундарна виктимизација. Дополнително, недостатокот на соодветни простории, технички услови и континуирана психолошка поддршка, заедно со ограничените институционални капацитети и слабата меѓуинституционална координација, сериозно ја поткопуваат ефективноста на системот. Овие слабости укажуваат дека постојниот пристап е повеќе формален отколку суштински, и дека се неопходни итни и системски реформи за да се обезбеди навистина детски-сензитивна и ефикасна судска заштита.

### 4.4.2. Јавни Обвинителства

Прашалникот до Јавното обвинителство опфаќаше информации и податоци за преземени мерки во однос на децата-жртви на сексуална злоупотреба. Одговор беше добиен од 18 основни јавни обвинителства.

*Институционални механизми и пристап*

Податоците добиени преку прашалниците упатуваат на различно ниво на институционална соработка во постапките поврзани со сексуална злоупотреба на деца. Испитаниците ја оценуваа соработката со полицијата, центрите за социјална работа, судовите, здравствените и образовните институции, како и со невладините организации, при што оценките најчесто се движат во рамки на „задоволителна“ до „добра“ соработка. Соработката со полицијата и центрите за социјална работа најчесто е оценета како клучна, но не доволно координирана и навремена,.

Со здравствените и образовните институции, како и соработката со граѓанскиот сектор е поретко систематизирана и зависи од индивидуална иницијатива.

*Истрага и обвинителска постапка*

Податоците покажуваат дека кривичните пријави најчесто ги поднесуваат полицијата и ЦСР, а во некои случаи родителите/ старателите. Ова укажува на значајната улога на институциите од системот за социјална и кривично-правна заштита во препознавањето и пријавувањето на ваквите случаи.

Во текот на истражната постапка, детето-жртва најчесто сведочи лично во обвинителството, а исказот понекогаш се дава повеќе пати, што креира ризик од секундарна виктимизација.. Овие ситуации укажуваат на потребата од појасни и поунифицирани протоколи.

Повеќето обвинителства користат посебни мерки за заштита на детето-жртва ( присуство на стручно лице или ограничување на контактот со обвинетото лице), но нивната примена не е секогаш конзистентна.

Времетраењето на истрагата е најчесто 3-6 месеци, додека во помал број случаи се завршува за пократок период. Дел од испитаниците укажуваат дека ограничените кадровски и технички капацитети влијаат на должината на постапките. Според доставените податоци, во најголем дел од предметите, односно во распон од 75 до 100%, истрагите завршуваат со подигнување обвинение.

Стручните лица (психолози и социјални работници) се вклучуваат во постапките, но нивното ангажирање не е систематско и конзистентно. Во пракса, дел од обвинителствата посочуваат дека нивното вклучување често зависи од моменталната достапност, наместо од јасно утврдена обврска. Ваквата состојба доведува до нееднаков пристап во обезбедувањето стручна поддршка и директно влијае врз квалитетот на заштитата и третманот на детето-жртва.

*Предизвици и препораки во обвинителската постапка*

Како најчести предизвици во обвинителската постапка се издвојуваат:

• Недостаток на соодветни просторни и технички услови – Недостигот од посебни, прилагодени и технички опремени простории за испитување на деца, како и недоволната опрема за аудио и видео снимање, го отежнува спроведувањето на постапките во услови што се безбедни и соодветни за детето-жртва.

• Недостаток на квалификуван стручен кадар – Постојниот број на психолози и психијатри обучени за работа со деца-жртви е недоволен, при што во одредени региони се забележува сериозен недостиг (на пример, во Битола е евидентиран само еден ваков стручен кадар). Овој проблем е особено изразен во помалите заедници и директно влијае врз квалитетот и достапноста на стручната поддршка.

• Недоволна меѓуинституционална координација – Слабата координација меѓу полицијата, Јавното обвинителство и центрите за социјална работа доведува до неефикасност, одложувања и неусогласен пристап во постапувањето.

• Недоверба и стигма во јавноста – Присутната стигматизација и недоверба кон институциите го обесхрабруваат пријавувањето на случаи, што придонесува за нивна недоволна евиденција и ограничен пристап до заштита за жртвите.

Во насока на подобрување на заштитата, се препорачува:

• **Поактивна улога на центрите за социјална работа и поголема ефикасност на судовите** – Ова ќе обезбеди побрза и покоординирана примена на мерките за заштита, како и навремено постапување во интерес на детето-жртва.

• **Адаптација на посебни простории во обвинителствата со можност за видео-снимање и одвоено следење на испитувањето** – Ваквите услови овозможуваат безбедна и прилагодена средина за детето, го намалуваат стресот и ја ограничуваат потребата од повторно сведочење.

• **Зголемување на бројот на обвинители во региони со недостиг** – Ова ќе придонесе за намалување на оптовареноста, побрзо постапување и поквалитетна обработка на предметите.

• **Подобрување на техничката опременост и информатичка поддршка** – Современата опрема и системи овозможуваат поефикасно управување со предметите, подобро документирање и заштита на доказите.

• **Превентивни мерки и едукација на децата од најрана возраст** – Едукацијата помага децата да препознаат ризици и да пријават злоупотреба навреме, со што се овозможува рана интервенција и заштита.

- **Континуирана обука на професионалците и зајакнување на меѓуинституционалната координација** – Ова обезбедува усогласен и стручен пристап, што ја подобрува ефикасноста и квалитетот на заштитата.

- **Подигнување на јавната свест за заштита на децата-жртви** – Зголемената свест придонесува за намалување на стигмата, поголема поддршка од заедницата и охрабрување за пријавување на случаи.

*Заклучок:*

Анализата покажува дека јавните обвинителства имаат клучна улога во препознавањето и процесирањето на случаите на сексуална злоупотреба на деца, при што најголемиот дел од истрагите завршуваат со подигнување обвинение во релативно разумен рок. Сепак, и покрај формално воспоставените механизми и оценетата „задоволителна“ соработка, постои значајна неуедначеност и недоволна систематичност во пристапот.

Недоследната примена на заштитните мерки, честото повеќекратно сослушување на детето-жртва и несистемското вклучување на стручни лица укажуваат на слабости кои го зголемуваат ризикот од секундарна виктимизација. Дополнително, ограничените кадровски и технички капацитети, особено на локално ниво, како и недоволната и ненавремена меѓуинституционална координација, сериозно ја намалуваат ефикасноста и квалитетот на заштитата.

Ваквата состојба укажува дека постојниот систем во голема мера функционира зависно од поединечни ресурси и иницијативи, наместо врз основа на јасно дефинирани и унифицирани стандарди. За да се обезбеди конзистентна, ефикасна и детски-сензитивна заштита, неопходни се системски подобрувања во делот на ресурсите, координацијата и примената на стандардизирани протоколи.

### 4.4.3. Адвокати

Анализата на одговорите од адвокатите покажува дека Северна Македонија располага со законска рамка која во голема мера е формално усогласена со релевантните меѓународни стандарди за заштита на децата од сексуална злоупотреба, вклучително Конвенцијата за правата на детето (КПД) и Конвенцијата од Ланзароте. Кривичните дела поврзани со сексуалната злоупотреба и експлоатација на деца се инкриминирани, а постојат и законски предвидени процесни механизми за нивна заштита во кривичните постапки.

Сепак, практиката укажува дека оваа усогласеност во најголем дел останува нормативна, без доследна и суштинска имплементација. Ваквиот пристап е во спротивност со препораките на Комитетот за правата на детето, кој континуирано нагласува дека воспоставувањето на законска рамка не е доволно доколку таа не се применува ефективно и конзистентно, особено кога станува збор за деца жртви на тешки форми на насилство.

Посебен предизвик, кој адвокатите јасно го идентификуваат, е недоволно развиената регулатива и институционална пракса во однос на дигиталното сексуално насилство врз деца. Иако одредени форми се формално опфатени, недореченостите во законите и нивната ограничена примена ја намалуваат видливоста и сериозноста на овој феномен. Ова е спротивно на обврските од Конвенцијата од Ланзароте , која бара сеопфатна заштита на децата од сите форми на сексуална експлоатација, вклучително и во онлајн средина.

Од аспект на процесната заштита и пристапот до правда, анализата укажува на системски пропусти, особено во раните фази на постапката. Согласно добиените информации од адвокатите во пракса, децата не секогаш добиваат навремена и соодветна правна заштита, при што се забележуваат:

- земање исказ без присуство на адвокат,
- недоволно информирање за правото на бесплатна правна помош
- повторно сослушување на детето поради институционални пропусти.

Овие состојби се спротивни на член 12 од КПД и на стандардите на Конвенцијата од Ланзароте, кои бараат децата да бидат сослушувани на начин што ја минимизира траумата и го почитува нивното достоинство. Наместо тоа, детето често се третира како средство за обезбедување докази, а не како носител на права, што резултира со секундарна виктимизација.

*„Начинот на кој што се испрашуваат децата жртви на сексуално насилство понекогаш е несоодветен, не се води сметка за најдобриот интерес на детето и дополнително се виктимизира детето“ (Адвокат Наташа Бошкова).*

Практиките поврзани со испрашувањето укажуваат на недоволна примена на принципот на најдобар интерес на детето. Иако постојат поединечни позитивни примери на користење на аудио-видео опрема и специјализирани простории за испрашување, тие не се воспоставени како стандардна практика низ целата држава. Дополнително, адвокатите нагласуваат дека и во услови на соодветна физичка средина, често изостанува човечкиот и професионалниот пристап. Испрашувањата најчесто се насочени кон обезбедување на осудителна пресуда, без доволно внимание на психолошката состојба на детето, неговата подготвеност да соработува и можноста за користење алтернативни докази со цел да се избегне повторна трауматизација.

Ова укажува дека принципот на најдобар интерес на детето останува декларативен, а не суштински применет.

Во однос на институционалната координација, анализата покажува дека иако формално постојат протоколи за постапување, тие не се доволно познати ниту доследно применувани. Позитивните примери на брза и ефикасна реакција најчесто зависат од лична иницијатива и неформална соработка меѓу поединци, наместо од системски воспоставени и функционални мултидисциплинарни механизми.

Оваа состојба е спротивна на меѓународните стандарди кои бараат институционализирана, координирана и мултидисциплинарна заштита на децата жртви на сексуално насилство.

Особено загрижувачки е и третманот на правото на надомест на штета. И покрај постоење на релевантни докази и вештачења, често не се досудува надомест во рамки на кривичната постапка. Како последица, децата се упатуваат на дополнителни граѓански постапки, што претставува значителен финансиски, процесен и психолошки товар.

Слабостите на системот се дополнително продлабочени со неефикасноста на механизмите за бесплатна правна помош и недостигот од специјализирани адвокати. Постоечките процедури не се прилагодени на итноста и чувствителноста на случаи што вклучуваат деца жртви на сексуална злоупотреба, а недоволната обука и отсуството на јасни правила за надомест на трудот на адвокатите негативно влијаат врз квалитетот на застапувањето.

Дополнително, како системски слабости е идентификувано и отсуството на родова перспектива во обвинителните акти и судските одлуки, како и занемарување на сексуалното насилство во случаи на трговија со деца, каде фокусот останува ограничен на делото трговија.

*Заклучок:*

Иако законската рамка е формално усогласена со меѓународните стандарди, во пракса постојат сериозни системски слабости и недоследна примена. Децата не секогаш добиваат навремена и соодветна правна заштита, а постапките често се водат со фокус на докази, наместо на нивниот најдобар интерес, што го зголемува ризикот од секундарна виктимизација.

Севкупно, наодите укажуваат на длабок и структурен јаз меѓу нормативната усогласеност и реалната заштита на децата. Примената останува фрагментирана, формалистичка и недоволно ориентирана кон правата и достоинството на детето, додека пристапот до правда е дополнително ограничен од слаба координација и недоволни капацитети. Ова јасно укажува на потреба од итни системски реформи насочени кон ефективна имплементација, наместо само кон формално усогласување.

### 4.4.4. Комисија за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство

На 29 февруари 2024 година се одржа конститутивната седница на Комисијата за паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство, формирана согласно Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство.

Целта на нејзиното формирање е обезбедување државна финансиска помош за жртвите на кривични дела сторени со насилство, врз основа на начелото на општествена солидарност, со цел ублажување на последиците од кривичното дело и спречување на примарна и секундарна виктимизација во текот на постапките пред институциите.

Од започнувањето со работа на Комисијата до 1 декември 2025 година се поднесени вкупно две (2) барања за остварување на правото на паричен надоместок од страна на деца (лица под 18 години) жртви на сексуално насилство.
Двете барања се поднесени во текот на 2025 година, при што:

- едното барање е отфрлено како недозволено;
- - другото е одбиено како неосновано.

Овие податоци укажуваат на исклучително ограничено користење на овој механизам од страна на деца жртви на сексуално насилство.

Практичното искуство на Комисијата покажува дека родителите и старателите на децата жртви се соочуваат со значителни потешкотии при поднесувањето на барањата, особено во пополнување на образецот за остварување на правото на паричен надоместок и обезбедување на потребната документација.
Ова укажува на јасна потреба од правна и стручна поддршка во текот на постапката.

Во постапката за утврдувањето на фактичката состојба, Комисијата се обраќа до надлежните институции ( полиција, јавно обвинителство, центри за социјална работа и други органи), со барање за доставување информации и докази. Иако законот предвидува

рок од седум дена за доставување на овие информации, истиот често не се почитува во пракса, што резултира со испраќање ургенции и значително пролонгирање на постапката.

И покрај постоењето на информативно-едукативни материјали и веб-страница на Комисијата, може да се констатира дека граѓаните сè уште немаат доволно познавање за постапката, условите и можностите за остварување на правото на паричен надоместок. Ова укажува на потребата од поинтензивна и континуирана и промоција и подигање на јавната информираност/јавната свест.

За поефикасно и навремено спроведување на постапката, неопходно е:

- Зајакнување на меѓуинституционалната соработка и почитување на законските рокови;
- Обезбедување правна и стручна помош за жртвите и нивните семејства при поднесување на барања;
- Поедноставување на постапката и административните барања;
- Подобрување на информираноста на јавноста преку таргетирани кампањи;
- Развивање системска соработка меѓу институциите, граѓанските организации, адвокатите и стручните служби;
- Активно вклучување на центрите за социјална работа во поддршка на жртвите во процесот на остварување на правото на паричен надоместок.

*Заклучок*

И покрај воспоставувањето на овој механизам, неговата практична примена останува ограничена. Недоволната искористеност, административните пречки и слабата меѓуинституционална координација укажуваат дека правото на паричен надоместок сè уште не е ефективно достапно за децата жртви на сексуално насилство.

## 4.5. Граѓански организации

Дел од граѓанските организации кои учествуваа во истражувањето не работат директно со деца-жртви на сексуално насилство, па нивните одговори не се однесуваат на практична работа со оваа група.

Од организациите кои обезбедуваат директна поддршка на деца-жртви (ХЕРА, МЗМП и Отворена Порта – Ла Страда) се добиени релевантни податоци за состојбата, предизвиците и потребите за унапредување на системот за заштита на децата во Северна Македонија.

### *Институционални механизми и пристап*

Сите организации кои работат со деца-жртви применуваат утврдени упатства, правилници, протоколи и стандарди за постапување, со јасен фокус на детско-центриран и траума-информиран пристап, во согласност со принципите на КПД и препораките на ГРЕТА. На пример, ХЕРА има воспоставени интерни протоколи за работа со жртви, Млади правници користат Општи правила за работа со деца од СОС Детско село, а Отворена Порта – Ла Страда примарно се придржува кон политиката за заштита на деца и протоколи за работа со силно трауматизирани деца-жртви на трговија со луѓе, согласно Конвенцијата од Ланзароте.

Соработката со институциите (полиција, обвинителство, судови, здравствени и образовни институции, центри за социјална работа) се оценува како делумно задоволителна.

Главните предизвици се поврзани со:

- недоволна меѓуинституционална координација,
- Чести промени на персонал
- долги судски постапки,
- ограничена или непостоечка директна соработка со одредени институции,.

Овие фактори ја отежнуваат навремената и интегрирана заштита на децата.

Сите три организации обезбедуваат поддршка за семејствата на децата-жртви преку:

- обезбедување на психосоцијално советување и
- вклучување на родителите/старателите во процесот на рехабилитација и ресоцијализација.

Овој пристап е клучен за долгорочно закрепнување и реинтеграција на детето.

### *Начини на пријавување и услуги за децата*

Најчести начини на пријавување се:

- самопријавување од детето,
- пријава од родител или старател,
- упатување од институции (Центар за социјална работа, полиција, суд или обвинителство)
- анонимни пријави преку СОС линии.

Оргазнизациите обезбедуваат мултидисциплинарни услуги, во согласност со препораките на ГРЕТА за интегриран пристап:

- психолошка и психотерапевтска поддршка
- правна помош и застапување,
- медицинска и здравствена поддршка,
- социјална поддршка и ресоцијализација,
- безбедно сместување во засолништа или преодни куќи,
- образование и професионална обука,
- интегрирана работа со семејството за рехабилитација и реинтеграција.

Организациите нагласуваат дека соработката со институции е присутна, но често ограничена поради ресурсни и организациски причини.

### *Главни предизвици*

Организациите идентификуваа неколку клучни системски предизвици:

- **Ограничени и нестабилни услуги** – зависност од проектно финансирање, што ја нарушува континуираноста на поддршката;
- **Институционални и процесни бариери** – долги постапки, слаба координација и чести кадровски промени;
- **Ризик од повторна виктимизација** – враќање на децата во небезбедна средина поради недоволна проценка на ризик;
- **Психолошки и социјални бариери** – траума, стигма и социјална изолација, особено кај ранливите групи
- **Ограничен пристап до правна и социјална заштита** – и покрај постоење на законски механизми.

### *Потреби за подобрување на заштитата и поддршката*

Според организациите за подобрување на заштитата на децата-жртви потребен е координиран и мултисекторски пристап кој вклучува:

- воспоставување локално достапни, мултидисциплинарни и траума-информирани услуги,
- континуирани обуки на професионалците,
- инклузивен пристап за сите деца,
- превентивни и едукативни програми,
- јакнење на меѓуинституционалната координација и
- воспоставување протокол за ефикасна и минимално трауматична работа со децата.

### *Предлози за системски подобрувања*

За долгорочна и ефективна заштита, граѓанските организации предлагаат:

- формирање специјализирани регионални и локални центри со мултидисциплинарни тимови за интегрирана поддршка на децата и нивните семејства,

- континуирана државна и општинска финансиска поддршка за стабилност на услугите,
- континуирана психолошка поддршка и супервизија за професионалците кои работат со жртви,
- развој на алтернативни форми на домување, како преодни куќи и мали групни домови,
- обезбедување пристапна правна помош и поддршка за време на судските постапки,
- воведување превентивни програми и јавни кампањи.

*Заклучок*

Наодите покажуваат дека граѓанските организации се од суштинско значење за обезбедување директна поддршка на децата-жртви, но нивниот ефективен капацитет е сериозно ограничен поради недоволна системска поддршка и нестабилно финансирање. И покрај постоењето на квалитетни модели на работа, нивната примена не е институционализирана, што создава ризик од нееднаква достапност на услуги и можен прекин на поддршката за најранливите деца.

За воспоставување функционален систем кој е детски-центриран, мултисекторски координиран и способен да обезбеди континуирана и сеопфатна заштита, целосната имплементација на предложените мерки е неизбежна.

# 5. Библиографија


- ✓ Закон за заштитата на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22 и 17/25).
- ✓ Закон за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24).
- ✓ Закон за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23).
- ✓ Закон за прекршоците против јавниот ред и мир („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/07 и 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 171/22).
- ✓ Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/2019, 229/2020 и 3/2025).
- ✓ Закон за правда за децата („Службен весник на РСМ", бр. 66/2024).
- ✓ Кривичен Законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.36/23 и 188/23)
- ✓ Народен Правобранител на РСМ. Извештај од спроведеното истражување за појавите на сексуална злоупотреба и сексуална експлоатација на децата. Септември 2012.
- ✓ Комитет за правата на детето. Заклучни согледувања за комбинираните од трети до шести периодични извештаи за Северна Македонија.
- ✓ Европски совет. Препораки на Советот (ЕУ) 2021/1004 од 14 јуни 2021 г. за воспоставување на Европската детска гаранција.
- ✓ Конвенција на ОН за правата на детето (КПД, 1989) https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/convention-rights-child
- ✓ Факултативен протокол на ОН КПД против продажбата на деца, детска проституција и детска порнографија (2000)

- ✓ Факултативен протокол за забрана на вклучувањето на децата во вооружен конфликт на КПД на ОН (2000)
- ✓ Факултативен протокол кон Конвенцијата за правата на детето за постапка за комуникација. https://treaties.un.org/Pages/ViewDetails.aspx?src=IND&mtdsg_no=IV-11-d&chapter=4&clang=_en
- ✓ Конвенција бр. 182 на МОТ (Конвенција за најлоши форми на детски труд, 1999)
- ✓ Цели за одржлив развој (ЦОР, 2015)
- ✓ Насоки на ОН за правда во прашања поврзани со деца жртви и сведоци на криминал (2005)
- ✓ Европска конвенција за човекови права на Советот на Европа (1950)
- ✓ Ревидирана Европска социјална повелба (1996)
- ✓ Конвенција на Советот на Европа за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба (Конвенција од Ланзароте, 2007)
- ✓ Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција, 2011)
- ✓ Конвенција на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе (2005)
- ✓ Европска конвенција за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување (1987)
- ✓ Насоки на Советот на министри на Советот на Европа за правда пријателска кон децата (2010)
- ✓ Препорака CM/Rec(2009)10 за насоки на политиката на CoE за интегрирани национални стратегии за заштита на децата од насилство
- ✓ Стратегија на Советот на Европа за правата на детето (2022-2027)
- ✓ Повелба за основни права на ЕУ (2000/2009)
- ✓ Директива 2011/93/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 13 декември 2011 година за борба против сексуалната злоупотреба и експлоатација на деца и детска порнографија, со замена на Рамковната одлука на Советот 2004/68/JHA
- ✓ Директива 2011/36/ЕУ на Европскиот парламент и Советот од 5 април 2011 година за спречување и борба против трговијата со луѓе и заштита на нејзините жртви, и замена на Рамковната одлука на Советот 2002/629/JHA; делумно изменети со Директивата (ЕУ) 2024/1712 на Европскиот парламент и на Советот од 13 јуни 2024 година, со која се менува Директивата 2011/36/ЕУ за спречување и борба против трговијата со луѓе и заштита на нејзините жртви

- ✓ Директива 2012/29/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2012 година, со која се воспоставуваат минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал, и се заменува Рамковната одлука на Советот 2001/220/JHA
- ✓ Директива (ЕУ) 2016/800 на Европскиот парламент и на Советот од 11 мај 2016 година за процесни гаранции за деца кои се осомничени или обвинети лица во кривични постапки
- ✓ Директива (ЕУ) 2024/1385 на Европскиот парламент и на Советот од 14 мај 2024 година за борба против насилството врз жените и семејното насилство
- ✓ Регулатива (ЕУ) 2022/2065 на Европскиот парламент и на Советот од 19 октомври 2022 година за единствен пазар за дигитални услуги и измена на Директивата 2000/31/ЕС
- ✓ Регулатива (ЕУ) 2024/1689 на Европскиот парламент и Советот од 13 јуни 2024 година со која се утврдуваат хармонизирани правила за вештачка интелигенција
- ✓ Директива (ЕУ) 2018/1808 на Европскиот парламент и на Советот од 14 ноември 2018 година, со која се менува Директивата 2010/13/ЕУ за координација на одредени одредби утврдени со закон, регулатива или административна акција во земјите членки во врска со обезбедување аудиовизуелни медиумски услуги (Директива за аудиовизуелни медиумски услуги) во согласност со променливите пазарни реалности
- ✓ Препорака на Европската комисија и Комисијата за развој и зајакнување на интегрирани системи за заштита на децата во најдобар интерес на детето, C(2024) 2680
- ✓ Комуникација на Европската комисија за стратегијата за правата на детето, COM/2021/142
- ✓ Комуникација на Комисијата за стратегија на ЕУ за поефикасна борба против сексуалната злоупотреба на деца, COM/2020/607